СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 март 1996 година

Скопје, март 1996 година

**II ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 40 (ЧЕТИРИЕСЕТАТА) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 13. III. 1996 год.**

ДИСКУТАНТИ:

1.АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 74
2.ЃЕОРЃИЕВ ДРАГАН - 35, 40
3. ЈАНКУЛОВСКИ ЖИВКО - 49
4. КАРОВ ЗВОНКО - 87, 89
5. КОТЕВСКИ СЛАВКО - 90
6. МАРКОВСКИ РИСТО - 59
7. НАУМОСКИ СИМЕОН - 40, 49, 59
8. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 2, 3, 4, 5, 9
9. НАУМОВСКИ ВАНЕ - 86
10. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1 (води седн.)
11. ПАУНОВ ТЕОДОСИЕ - 12, 13
12. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ – 79, 81
13. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 8
14. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 16
15. ТРАЈКОВСКИ РИСТО - 73
16. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 52, 56
17. ТАЛИМЏИОСКИ ПЕТАР – 63, 66
18. ЧАПОВ СЛАВЧО - 32
19. ЧИФЛИГАНЕЦ ВАНЧО - 18, 21, 31
20. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 6, 15, 84
21. ЏАМБАЗОВСКИ САНДЕ - 10, 11, 61
22. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 16
23. ШАКИРИ ХИСНИ – 70


Дневен ред: стр.1

8.т. Предл.за дон на закон за изм. на З.за потик.на развојот на земјоделството. (с.1)
9.т. Нацрт закон за тутун .(с.18)
10.т. Автент.толкување на ч.4 од З. за заштита од пушење.( с.93)
11.т . Предлог одлука за огласување и избор на судии во основните судови ( с.94)


КРАЈ

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 март 1996 година

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 10,45 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-дин Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците, Ратка Куљан Зоографска, Рами Туда и Панче Насев, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со **8-та точка** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог на закон.

На продолжението на седницата го заклучив претресот по предлогот за донесување на закон.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството

Кој е за овој заклучок, молам да крене рака?(63 пратеници)

Дали е некој против?(2 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање?(3 пратеника)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува" предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?

Г-дин Најдовски, бара збор процедурално.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, Либералната партија, односно пратениците од Либералната партија сметаат претходно дека кога беше гласањето за донесување на овој закон, сметаат дека е неопходно да се донесе еден ваков закон, но пред да се премине на гласаше на оваа седница да се донесе овој закон и ваков текст каков што е предложен на денешнава седница, сакам да истакнам дека пратеничката група на Либералната партија ќе гласа против предлогот на законот за изменување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството бидејќи со предложените измени кои денес ни се предлагаат сметаме дека тоа претставува изигрување на земјоделските производители и натамошно влошување на и онака лошата состојба во аграрот.

Имено, со предложените измени, прво, се укинува премијата за пченицата и второ, се иззема Парламентот како законодавно тело преку усвојување на законски решенија да учествува во креирањето на аграрната политика. Пратениците од Либералната партија сметаат дека мора со закон да бидат одредени стратешки важните производи за Македонија за кои ќе се обезбедува премија. Имено, според нас неопходно е за производите како што се пченицата, сончогледот, маслодајната репка, шеќерната репка и млекото, да се обезбедат премии. Само така, сметаме дека се постигнува извесна доза на сигурност на земјоделските производители за планирање на производството во подолг период.

I/3.-

Предлогот Владата да биде таа која ќе ги одредува производите за кои ќе се обезбедува премија пратениците од Либералната партија сметаат дека е само обична фарса, бидејќи утврдените средства во Буџетот за 1996 година за поттикнување на развојот на земјоделието се минимални и недоволни.

Во прилог на претходната констатација е и фактот што Владата со својата годинешна макроекономска политика ги минимизира премиите, регресите и останатите субвенции во земјоделството со изговор дека тоа е по барање на Светската банка и ММФ. Јас се плашам

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, ве молам Вие имате право да кажете зошто ќе гласате против и зошто пратениците од вашата група.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Г-дине претседателе ....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ова е материјална расправа што ја водевме, ве молам

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Г-дине претседателе јас објаснувам зошто ќе гласаме против.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вие кажавте дека ќе гласате.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Морам да ги наведам причините за кои што ќе гласаме против и на пратениците и на јавноста да им биде јасно зошто ќе гласаме против. Ако вие го оспорувате тоа мое право тогаш кажете.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, ве молам.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Јас мислам во рок од 4-5 минути објаснувам зошто ќе гласаме против и ве молам да ми дозволите да објаснам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вие учествувавте во расправата како и сите пратеници.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Да учествував.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Имавте можност да кажете, да се произнесете по законот. Очекувам од вас да кажете како вие ќе гласате и зошто така ќе гласате. Тоа е процедурално.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Процедурално јас кажав дека ќе гласаме проти^ а сега кажувам зошто ќе гласаме против

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кажете сосема накусо за причините зошто така ќе гласате, не да водиме материјална расправа.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Па, не знам каде пишува, за колку е определено времето за кое што треба јас да објаснам зошто ќе гласаме против и сметам дека треба да ми дозволите да завршам. Ако е целта да се прекинува,тогаш во ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Повелете, повелете кажете ги причините,

I/5.-

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Јас во потврда на она дека ќе гласаме против, би ги навел следниве факти:

Прво, со годинашнава макроекономска политика која што е усвоена од страна на Владата се минимизирани, односно сведени на минимално ниво средствата за премии, регреси како и останати субвенции во земјоделието. Од таа макроекономска политика може да се види дека и премиите за шеќерна репка и сончоглед се дури и пониски од самата политика која што ја утврдила владата а за пченицата се укинати. Со тоа не само што не се поттикнува земјоделството , туку Владата си игра со производителите соопштувајќи ги цените и премиите откако ќе заврши сеидбата на тие култури. Посебно е прашањето што од предложените измени не се гледаат и критериумите и постапката за распоредување на регресите за репроматеријалите и дали од тоа корист ќе имаат земјоделците или пак некој друг. Спрема нас, тој друг во овој случај ќе бидат одделни производители на репроматеријали, а во најголем број трговците кои што се занимаваат со трговија на тие репроматеријали, блиски на политичките кругови на власта, а земјоделците нема да добијат ама баш ништо.

Со овие предложени измени Владата сака да ја покрие својата политика за уништување на земјоделието која е започната со донесување на Буџетот за 1996 година со која беше укината премијата за пченицата. Свесна дека го прекрши постојниот закон за поттикнување на развојот на земјоделството со предложените измени сега се сака да се обезбеди законско покритие и да ги оневозможи земјоделците преку суд да ги остварат своите права кои што имаат право по постоечкиот закон. Затоа пратениците од Либералната партија сметаат дека е неопходно да останат постојните законски решенија и да се обезбедат премии за

пченицата, сончогледот, маслодајната репка, шеќерната репка и млекото, како и регресот за тов на јагне и јуниња.

Покрај тоа, Владата во најбрзо време мора да реагира за намалување на даночните стапки на репроматеријалите за земјоделството и ред други погодности во оваа гранка, бидејќи во спротивно аграрот ќе биде уништен, а со оглед на тоа со колкав процент учествува во вкупната структура на стопанството на нашата држава можеме да оцениме што тоа ќе значи понатаму.

Од овие причини пратениците на Либералната партија ќе гласаат против предложените измени, односно против текстот како што е овде предложен, а јас лично сметам дека секој кој малку бар има чувство спрема земјоделските производители, нема да го поддржи овој закон.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Процедурално, г-дин Џаферовски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Јас излегов да кажам како ќе гласа пратеничката група на СДСМ, се разбира, спротивно на гласањето на Либералната партија, т. е. " за " .

Инаку, тезите дека владата со донесувањето на овој закон се обидува да го покрие уништувањето на земјоделието не држи и мислам дека воопшто е некоректно да се кажува дека Владата донела макроекономска политика и ја утврдила. Тоа не е така, ова Собрание ја усвои макроекономската политика. Тоа е број еден.

Два, министерот за земјоделие кој предложи позиции во Буџетот околу ова што денес ние го усвојуваме како закон, т.е. ако се рестриктивни тие средства ги предложи министерот за земјоделие кој беше досега. Исто така, е резултат на неговата работа, односно на неговиот предлог ова што денес го носиме како закон за поттикнување на земјоделието.

Меѓутоа, како и да е не е точно дека земјоделието со ова се уништува, туку е точно дека се пренесува на пофлексибилен орган кој ќе ја следи работата како што личи во сите земји во светот каде што земјоделието има приоритет, Владата е тој орган кој треба да ја следи состојбата во определени гранки во земјоделието и каде што ќе има потреба да интервенира. Впрочем ние да не осудуваме однапред дали ќе биде вака или не, ќе покаже времето дали оваа Влада со политиката го ништи земјоделието или ќе го поттикнува.

Пратеничката група на СДСМ ќе гласа за, заради тоа што длабоко верува дека со мерките кои ќе ги презема и интервенциите Владата ќе го поттикнува земјоделието.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

(од место бараат збор некои пратеници)

Ве молам, вие имавте можност да се произнесете.

Г-дин Станковски, процедурално.

Имате можност, отворам расправа, произнесете се после по сите овие прашања, немојте правото на процедурална интервенција да го користите за материјална расправа, ве молам.

I/8.-

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, само една мала исправка кога претходникот зборуваше за средствата од Буџетот во земјоделието, мислам дека тука треба да бидеме точни, да кажеме дека ребалансот кој беше правен од министерот за финансии...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Станковски, ве молам ова не е процедурална интервенција, јас се извинувам што ве прекинувам. Меѓутоа, не е процедурална интервенција, вие имате можност

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Дозволете ми да кажам, дека средствата кои ги предвиде министерот за земјоделие беа на ова Собрание сосечени , односно намалени како и средствата од министерот за надворешни работи. Според тоа што беше кажано од претходникот не држи...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, г-дине Станковски немојте да ја злоупотребувате говорницата, ве молам, па имате можност после во материјалната расправа да кажете се што мислите. Ова не е процедурална интервенција.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас тоа морам да го кажам. И друго, сега, ова е предлог почитуван претседателе, јас мислам дека немате право, јас имам право да кажам....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Како немам право....

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас имам право да кажам, претходникот кажа дека земјоделието е ставено во нерамноправна положба. Јас реков дека министерот кој

средствата ги предвиде со ребалансот на Буџетот на РМ и кој го донесе ова Собрание, токму беа реетриктивни и намалени од страна на министерот за финансии, а не од министерот за земјоделие.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, материјална расправа не е дозволена.

Повелете, г-дин Најдовски.

Јас ве потсетив дека отворам општ претрес по Предлогот на законот и можете да ги кажете сите овие работи. Имате право.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, вие мене ме прекинувавте кога јас објаснував како ќе гласа пратеничката група на Либералната партија, кога за тоа навистина деловнички имаме право да објасниме како ќе гласаме, а не го прекинавте господинот кој што се обиде да ја анализира мојата дискусија како ќе гласа пратеничката група на Либералната партија и сметам дека тука е повреден Деловникот на Собранието на РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Џаферовски настапи исто како и вие, ве молам.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Но, ја анализираше мојата дискусија.

Втора работа, овде беше речено дека Собранието на РМ ја усвои макроекономската политика на Македонија, а не Владата. Молам, нека ми се каже точно на која седница Собранието на РМ ја разгледуваше макроекономската политика и кога ја усвои.

Трета работа, министерот за земјоделие го предлагаше овој закон во склоп на макроекономската политика што ја усвои Владата на РМ.

I/10.-

Од овие три причини се гледа , затоа реагирав процедурално, дека дозволивте да се анализира мојата дискусија.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам, да крене рака?(65 пратеници).

Дали има некој против?(20 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање?(5 пратеника).

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Џамбазовски.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Г-дине претседателе, г-да пратеници, г-да министри, јас и на минатата седница дискутирав по овој закон, меѓутоа, ми остави еден впечаток на една од седниците кога ја биравме новата Влада, слушнав многу позитивни мислења за министерот Ангелов и навистина мислев дека така мислат колегите либерали, меѓутоа, кога дојде да се разгледува неговото дело од работата, сега гледам дека тоа го критикуваат. Па затоа (некои од пратениците дофрлуваат),

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, немојте да дофрлувате.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

... па затоа, само сакав да сметам дека пофалбата била само декларативна. Сакам да напоменам некои работи, ќе бидам краток.

I/11.-

**ТИТО ПЕТКОВСЌИ:**

Воздржете се од дофрлувања од место, г-дине Даневски.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Само сакам да потсетам , односно на оние кои што не го прочитале добро законот. Во измените на законот кој што се предлага во член 2 се вели:"за одделни произведени, откупени земјоделски производи се обезбедува премија", што значи дека не се кажани кои се, ниту за некој од производите е кажано дека се укинува премијата. Законот, господа, се носи за повеќе години, не се носи закон ниту за една година, ниту за пола година. Законот се носи за повеќе години, што значи дека во зависност од можноста на Буџетот, во зависност од можноста на државата ќе се определат кои се тие производи кои ќе добијат премија. Наредната година може да добие и пченицата, може да добие и гројзето, може да добие и виното и не знам кои се други можат да добијат. Што значи со член 2 не се ускратува правото да се дава премија на одредени производи.

Или, ако сакате член 4. "Регрес се обезбедува за одделни репроматеријали од земјоделството", што значи и овде не се ограничува кои се тие репроматеријали кои што можат да добијат регрес. Законот не го оспорува тоа, туку Законот му дава можност доколку се има средства, дури и да се прошират репроматеријалите за кои што може да се добие регрес.

Членот 5, висината на регресот итн., е до 20% како што беше и досега. Што значи дека овој закон не треба никако да се сфати дека е против земјоделците, туку законот е многу полиберален од оној што го имавме и дава можност да се зголеми и премијата и бројот на производите да се зголеми, доколку , се разбира во Буџетот се обезбедат средства.

Благодарам.

I/12.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор?

Г-дин Паунов.

**ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Г-дине претседателе, дами и господо, мислам дека овој закон денеска што треба да го донесеме за дополнувањето и измените, дека не содржи елементи за поттикнување и развој на земјоделието, напротив,ми се чини дека со овој закон, ние го уназадуваме земјоделието

**ТЕОДОСИЈЕ ПАУНОВ:**

Мислам дека за последните пет години беше потребно при донесувањето на овој закон, односно предлогот на законот за поттикнување на земјоделството, требаше да има и еден извештај за последните пет години да видиме во каква состојба се најде земјоделството во Република Македонија. Гледаме дека од година во година земјоделството се некако влече назад, остварувањата се некако се помали и помали, така што дојде до една состојба што земјоделците не можат да го платат данокот, не можат да го платат водниот надоместок, не можат да ги платат придонесите и другите давачки, а сега веќе кога е пролетната сеидба, не можат да ја извршат пролетната сеидба, поради тоа што нема- ат никакви средства за земјоделството.

Мислам дека овој закон би требало засега да се одложи, а да се извршат тотални подготовки за пет години да се направи анализа во каква состојба е земјоделството. Имено, колку производство е произведена во 1991 година, 1992 година и наваму. Колку се дадени регреси, колку се дадени премии, се до ланската година. Повторно, со законот да имаме еден, сепак, една програма, една насока во иднина во оваа година како земјоделството би излегло од оваа тешка состојба. Ние сакале или не мораме да признаеме дека нашата земја е земјоделска.

Прво, што треба да сториме тоа е за земјоделството. Беа дадени некаде 28 милиони долари средства за развој на земјоделството исклучиво. Се сеќавам така беше донесен законот, односно беше прифатен договорот. Меѓутоа, од тие средства до денеска изминаа шест месеци, ние не видовме каде се вложија тие средства, дали навистина се дадоа на својата намена во земјоделството, или не се дадоа. И кога ќе се дадат И, за пролетната сеидба и воопшто за земјоделството. Дали се планира да се дадат кредити или не се планира. Верувајте, ако не се планира застарената механизација која ја имаат, резервни делови нема,

семенски насади, нема да може пролетната сеидба да се изврши, ќе се нанесе огромна штета на земјоделството. Затоа, би требало пратениците добро да обмислат за овој закон и што треба, ми се чини брзо треба да се реагира додека е пролетта, додека може нешто да се планира во земјоделството.

Кога веќе сум тука, исто така, јас се сложувам дека во законот не може се да биде внесено, меѓутоа, мора сепак некои одредени работи да бидат тука, колкави ќе бидат премиите, колкави ќе бидат регресите во земјоделството, на кои да бидат точно наброени кои земјоделски производи, па да може земјоделецот да се ориентира така и својата сеидба да ја изврши. Ние имаме доста површини, огромни, можам да кажам и пасишта, меѓутоа поради таа наша политика што ја водиме особено последните пет години, ние земјоделството не можевме да го развивавме, туку секоја година во година загуби се поголеми и поголеми со исклучок минатата година за 5% земјоделското стопанство пораснало. Која е базна година? 1994 година. Ако ја земеме 1991 година или 1990 г односно 1989 година, ќе видиме дека земјоделството 50%, од тогаш 50% остварувањето реализацијата е на земјоделското производство од тоа што сме го имале. Затоа, треба да поведеме сметка, а сакам да го кажам и ова земјоделците остро реагираат на пратениците на Владата, и на сите овие субјекти кои што придонесуваат за земјоделството да стои во место. Мислам тука либералната партија мора да се залага до крај да изнајде решенија да ги предлага оние решенија кои се позитивни, оние решенија кои можат да се применат во развојот на земјоделството.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Алил Џафероски. Ве молам политички партии, нели се договоривме деловнички нема овдека, станува збор за пратенички групи.

II/3.-

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Суштината на законот практично по втор пат г-динот Санде Џамбазовски ја објасни, мислам на еден многу практичен начин и тоа уште еднаш го потврдува фактот дека има потреба од донесување на овој закон токму заради интересите на Аграрот во Република Македонија. Тука мислам дека нема што повеќе да се додаде.

Околу искажувањата дека намалени се средствата за земјоделството во Буџетот, би сакал да кажам дека прво тоа е хендикеп на Бившиот министер кој не успеал да се наметне. И во Владата и во Собранието.

Второ, колку што се сеќавам намален беше делот на средства за берзата, која веројатно не е најприоритетна во овој момент за развој на земјоделството.

Инаку, со усвојувањето на Буџетот за 1996 година, сакам да се дообјасниме, практично, овој парламент ја прифати макро - економската политика на Владата за 1996 година. И тука мислам дека нема никакви проблеми околу таа работа, ниту некој може да спори кој гласал, исто така, за Буџетот да каже дека е тоа само работа на Владата. Битката за повеќе средства за земјоделството би требало да се води прво од страна на бившиот министер при составувањето на Буџетот и се разбира во парламентот при донесувањето на Буџетот. Денес со оспорување и со барање да не се донесе овој закон, само можеме да му наштетиме на земјоделството, а во никој случај да му се помогне.

Јас лично знам дека во многу земји во светот каде што имаат сериозен пристап кон овој проблем Владата е тој орган кој е задолжен непосредно да води политика околу развојот на земјоделството. Собранието глобално ја определува политиката и ја прифаќа на Владата, а не посредно Владата се занимава. Таман работа ако ние овде се расправаме за секој производ поединечно, ќе има премии или ќе нема премии и слично. Тоа значи дека преку цела година се некои

II/4.-

производи од земјоделството стасуваат, така парламентот ќе заседава, ќе расправа дали има или нема потреба. Тогаш нема причина да има и Министерство за земјоделство. Инаку, околу забелешката за лошата распределба на средствата во изминатиот период, не знам во кого се бара вината. Веројатно тој што го водел ресорот по земјоделство. Не можеме да ја бараме вината таму каде што не постои.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Соколовски има збор.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници сметам дека е крајно некоректно да се дискутира за работата на бившиот министер, односно на министер кој бил на минатата Влада, со оглед на фактот дека во таа прилика сите имавме да дискутираме за сите министри при донесувањето односно на Предлогот за донесување на нова Влада.

Мислам дека г-динот Ангелов сосема коректно ја извршуваше својата задача и би било некоректно да се дискутира за неговата работа тој донесе доста нови закони. емјоделскиот производ го зголемивме од 1,5% а мината година за 5% и мислам дека не е во ред сега да се спомнуваат такви дискусии.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, пратеничката група на Либералната партија е за поттикнување на земјоделството, е за такви мерки. Меѓутоа, не е за едно поттикнување и стимулирање на земјоделското на таков начин како што се предлага. Имено, со мерки на владата да се утврдуваат висината на премиите, односно стимулациите и да се утврдуваат одредени мерки, бидејќи земјоделските

производители не можат од година во година да вршат преориентација која култура и како ќе ја одгледуваат. Знаеме дека за тоа е потребен подолг период. Со донесуваше на вакви мерки и давање на вакви ингеренции Владата да одлучува секоја година за начинот на утврдуваше, на оваа политика ќе ги ставиме во голема неизвесност земјоделските производители.

Инаку, и јас се согласувам што го кажаа претходните дискутанти дека, за жал, се поведе овде расправа за оценка на работата на претходниот министер г-дин Ангелов, за чија работа пратеничката група на Либералната партија има високо мислење. Инаку, доколку се усвоеше иницијативата на пратеничката група, односно барањето за едногодишна анализа на Владата, тогаш ќе можевме да ги оценуваме сите министри поединечно, па во рамките на тоа и г-динот Ангелов.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

66 пратеници гласаа за.

Дали е некој против?

13 пратеници гласаа против.

Дали некој се воздржува од гласање?

9 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството.

II/3.-

Минуваме на **<u>точка 9</u>** - <u>Нацрт на закон за тутун.</u>

Нацртот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес, молам кој бара збор?

За збор се јави г-дин Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Јас се извинувам, ногата ми е повредена но, колегата Чапов, на фудбал ме повреди, така што ...

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, може би се очекува во оваа парламентарна расправа повеќе да излегуваме и да ги потсетуваме нашите партии, јас морам на почетокот да кажам ќе зборувам од името како пратеник на ова законодавно тело, ќе зборувам и ќе ги стапувам сите граѓани во Републиката кои се занимаваат со тутун, односно со земјоделство. И, секако, сите граѓани во општината Радовиш без разлика на нивната партиска припадност, без разлика дали на оваа, на онаа или на трета партија што седат во овој парламент, ќе и се допадне.

Со право, можеме да констатираме дека денес расправаме за една комплексна материја, многу поодговорна отколку што ја замислуваме ние како поединци, повеќе ќе ја сфатиме како стручна проблематика, а јас би рекол оваа проблематика може да се зборува повеќе и од социјален аспект, и од аспект на она што значел тутунот, што значи сега и што значи понатаму.

За да ја доловиме барем приближно, стратешката цел за донесување на законот и самото значење на Законот за тутун, јас би се осврнал во најкратки црти што значел тутунот во последните 65 години, што значи во последните две три години, што претставува денеска тутуновото производство и кои проблеми се присутни, што се влијаело

и што се влијаело на денешната неповолна состојба кај тутуновото производство и сигурно ќе се задржам конкретно најмалку на поконкретни забелешки и мерки за нацрт законот и на крајот предлог мерки за надминување на присутните состојби во тутуновото производство.

Производството на тутун во Република Македонија во изминатите 3-4 години континуирано бележи намалување. Сите се сеќаваме дека во 1991 година и пред тој период производството на суров тутун во Република Македонија се движеше над 20 односно 22 илјади тони тутун а во претходниот период сме имале производство на суров тутун уште поголеми количини.

Ако на ова се додаде во тој период, а посебно во 1993 година ние имавме околу 55 илјади тутунски домаќинства, кои повеќе или помалку егзистираа исклучиво од тутун .Во 1994'година имаме 35 илјади домаќинства а во 1995 година имавме само 24 илјади домаќинства. Тоа значи рапидно намалување на граѓаните кои се бават со тутуново производство. Тоа значи ако сме имале над 50 илјади домаќинства по 4 или 5 членови од потесната фамилија, затоа што секој договор не е сам индивидуален производител, туку има четири и пет повеќе, во Република Македонија од 200 до 250 илјади граѓани целосно или во најголем дел и егзистирале исклучиво од тутун, а тоа е значи секој осми граѓанин а денес егзистираат околу 100-тина илјади. Колку егзистираат ќе зборуваме за тоа секој 16-ти. Ние како парламент, како одговорни пратеници, народи што ни дале право да Ве застапуваме , ова законодавно - парламентарно тело треба да ги кажеме причините зошто довело до овој степен знатно рапидно намалување на производството на тутун. Затоа, би се послужил повеќе со речникот на економијата, малку со речникот на политиката.

Тутунското стопанство, како и другото земјоделско стопанство има долг репродукционен процес, да не кажам обртај помал од еден, во

ниедно стопанство останато не е присутно. Со што значително се намалува ефикасноста на капиталот и условува голема зависност од кредитирањето на производството и откупот на тутунот. Тоа основната причина зошто тутунопроизводството е во една таква неповолна состојба. Во последните две три години врз работењето на тутунските претпријатија, посебно негативно влијание имаа влошените услови за стопанисување наметнати преку мерките на економската политика, што сите ние кој повеќе, кој помалку сме ја донесувале заедно на овие органи и на овој парламент.

Со воведувањето на рестриктивната монетарно - кредитна политика учеството на средствата од примарната емисија во кредитирањето на откупот на тутун најпрво се намали, а целосно се укина за откупот на тутун од реколтата 1994 година, што тешко ги погоди сите тутунски претпријатија, а директно ги погоди крајниот тутунопроизводител, односно граѓанинот кои живее исклучиво од оваа култура.

Условите на кредитирање во текот на 1993 и 1994 година се карактеризираа со јако изразена диспропорција меѓу движењето на каматните стапки со висина на еклаторна стапка и уште повеќе со движењето на курсот на девизите. Така, за периодот од две години 1993, 1994 годи јас морам ова да го кажам и сликовито имаме курсот на доларот се движи со 228%, цените на мало со 411%, а банкарските камати кои ги користат тутунските претпријатија и кои го чувствуваат директно тутунопроизводителот, намерно го обележив со црвена боја, се движат од 1571%.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:** (Продолжение)

Оваа економска лакрдија господо, продолжува и во 1995 година, со тоа што доларот, извозот на тутунот, опаѓа со минус 7,4%, цените на мало со 3,5 до 4%, банкарските камати се значително намалени во однос на 1993 и 1994 година, тие се 36%. Има уште многу да елаборирам но тоа е нацрт на закон, веројатно ќе учествуваме и во дефинитивното оформуваше на законот, ја прашувам Македонската академија на науките и уметностите во која имаме академици економисти,нека кажат кое стопанство, кое земјоделство, кое тутунопроизводство во светот може под такви услови на кредитирање на обртни средства да издржи. Во моментот во Републиката остана она стопанство што не користи кредити за обртни средства. Каква е состојбата, јас не зборувам зошто дошло, дали објективно или субјективно, веројатно и тоа ќе кажеме.

Затоа, мислам дека ние како Парламент, Владата на Република Македонија, ресорното министерство оваа проблематика мора загрижувачки да ја анализираат, објективно, од каде може да се земе, од каде да се додаде, затоа што се работи за над стотина илјади граѓани, а ние донесовме закон за загубари за 30 илјади вработени што исклучиво егзистираат од оваа култура, ,од тутунот. Јас на ова би додал - да не биде тоа политички маркетинг - според податоците во Буџетот ние издвојуваме околу 110 милиони долари за социјална помош, 60 милиони долари издвојуваме за социјално загрозени фамилии и семејства и околу 45 милиони долари за стечајци. Ако тоа го направиме директно или индиректно, да го поттикнеме - се согласувам и за дел од земјоделството да го поттикнеме и за тутунопроизводството наместо социјална помош да произведуваат производ, мислам дека многу поголеми економски ефекти ќе има државата отколку да одиме до крај на социјала. Се случува, тоа и Санде Џамбазов го рече, да биде поисплатливо да прима

социјална помош отколку да произведува една култура како што е тутунот и ред други земјоделски култури. Мислам дека оваа лакрдија не смееме понатаму да ја толерираме ниту да ја дозволиме затоа што ќе се препуштиме на социјална помош, односно на едно паразитско друштво, односно да се ставиме во функција на ангажиран»ангажман, но тоа да биде со системски економски мерки.

Имам доста подготвени економски податоци, најмалку би сакал со економијата да елаборираме, би сакал да го кажам тоа што го реков за четвртата точка, а потоа ќе кажам и конкретни предлози. Имам начелни и конкретни забелешки по Нацртот на законот за тутун. Реков ова е нацрт на закон не треба сега да расправаме, но кога повеќе пати се повторува човек ќе ја сфати суштината. Овој проблем е сериозен за Република Македонија, а не само за одделни региони или реони во Републиката.

Начелните забелешки по Нацртот на законот за тутунот: Иницијативата за донесуваше на нацрт закон е прифатлива и ја поддржувам. не само за да се поддржи туку поради тоа што истиот тргнува од концепцијата за организирано тутуново производство во Републиката и државата, што подразбира договорено производство на тутун по типови, сорти и количини на тутун, што беше и барање од тутунските претпријатија и тутунопроизводителите, а еве и ние тоа го потврдуваме.

Во Нацрт законот - тоа е начелна забелешка а потоа и конкретно ќе кажам - се вели дека Републиката го поттикнува производството и тоа во членот 4 од Нацрт-законот. Јас мислам дека тоа е премногу декларативно затоа што во натамошниот текст нема ништо од што може да се види со што се прави тоа дали се обезбедуваат поволни кредити

што претходно во првата и втората точка зборував, дали има разни субвенции, регреси и слично. Ако веќе стои таков текст во Нацртот на законот, треба да се каже со што и на каков начин државата ќе го поттикнува производството на тутун, ако сме во состојба. Ако не сме во состојба, тоа да го кажеме јасно, отворено пред тутунските претпријатија и тутунските производители и што понатаму со овие реони, региони и граѓани што егзистираат од тутун.

Со овој текст на Нацртот на законот веќе се детерминираат два субјекти. И досега беа детерминирани, но подецидно кои се правата кои се обврските и која е одговорноста на двата субјекти, на производителот и на откупувачот на тутунот. Мислам дека е добро што тоа е дадено: во Нацртот на законот, а тоа го бараат и тутунопроизводителите и самите 24 тутунски претпријатија кои ги имаме во Републиката, а со Нацртот на законот се предвидува повеќе претпријатија да се бават со откуп.

Во Нацртот на законот е кажано кој може и на каков начин да произведува тутун и кој може да биде откупувач - правно лице кое е регистрирано за вршење на дејност на откуп и обработка на тутун и има годишна лиценца за таа дејност. Тоа е добро, затоа дава поголема сигурност кај тутунопроизводителот и се стеснува се помалку кругот на манипулирање на граѓаните кои се бават со тутун. Штом е со законот, одговорноста на откупувачот е поголема што помалку да се манипулира со тутуновиот производител. Меѓутоа, имам забелешка господо, сето тоа не се ставови на овој  на оној туку сум контактирал со тутунските претпријатија и со тутунопроизводителите. Мислам дека премногу е воопштено и одговорно е дадена улогата на министерот за земјоделство.

Господо, ако денеска имаме 300-400 илјади вработени, ако во тутунопроизводството имаме над стотина илјади вработени, тоа што го зборував, зошто еднаш годишно Владата на Република Македонија за овие стотина, двеста илјади граѓани кои егзистираат од тутунот не расправа и тоа одговорно, јавно, тоа да биде пред јавноста, па јас дури се залагам и пред Парламентот еднаш годишно. Тоа е еден час работа. Ако можеме во Парламентот овде да се препукуваме и да се ловиме на грешки, кој повеќе да се покаже дека е загрижен за народот, мислам дека може и Парламентот еднаш годишно час - два да расправа пред јавноста, да кажеме што со овие граѓани. За- тоа не се согласувам да биде министерот, министерот е одговорен пред Владата и Парламентот, но Владата да расправа и Парламентот за истите тие работи. Затоа не се согласувам во Нацртот на законот да стои министерот да одлучува еден човек или министерството.

Конкретни предлози: во член 4 да се дефинира на кој начин Републиката односно присутната економија во Македонија дали може или не може и ако може со што ќе го стимулира производството на тутун, овие 20 илјади тутун и преку кои мерки. Јас би рекол стимулации, регреси, поволни кредити, разни субвенции и поволни цени односно трудот на тутунопроизводителот барем приближно адекватно да се награди. Тоа е во членот 4.

Во членот 12 поради тоа што не е претходно кажана обврската за склучување на договор за производство и откуп на тутун, е врзано со член 14 и 29, предлагам два нови става кои би гласеле:

"За производство на тутун, производителот склучува договор со овластен откупувач на тутун".

Тоа било и досега, само сега треба да биде одговорноста и обврската на тутунопроизводителот поголема, кога ќе го склучи договорот тоа да биде закон, ако нема виша сила, попови, а не во последен момент да се определи за друг откупувач кој ништо не авансирал, финансирал во тутунопроизводството. Со тоа обврската и одговорноста на тутунооткупувачот е уште поголема, затоа што кога ќе склучи договор во договорот има јасни регулативи зошто се склучува договорот, под кои услови и какво е кредитирањето, следењето и сето тоа. Значи, се става во една заштитна улога тутунопроизводителот, а не да произведува и инвестира а да не знае до последен момент под кои услови ќе му се откупува тутунот односно откупувачот да биде во една одговорна улога пред тутунопроизводителите.

Договорот за производство и откуп на тутунот за една производна година предлагаме да биде склучен и да може да се продаде само на еден откупувач. Заправо баш во однос на првиот став, да не се случува во последно време некои преку ноќ да стануваат познавачи на тутунот, добри трговци и тн. да ги манипулираат тутунопроизводителите туку напротив во крајна цел тоа што го предлагам тоа да биде интерес на тутунопроизводителот, да не се манипулира со него.

Член 13 став 1 треба да се измени и да гласи: "Откупувачот на тутун е должен секоја производна година" и тоа може да биде до крајот на март "до министерството за земјоделство, подрачната единица да го пријави планираното договорено производство на тутун за тековната година". Значи, сега сме март, мора да го знаеме плани- раното тутунопроизводство за реколтата 1996/97 година што значи кога нашите тутунопроизводители кога веќе се подготвуваат, ние мораме сега да имаме јасна концепција и политика колку тутун, колку ќе го откупиме, колку ќе го пласираме на странскиот пазар, на домашниот пазар и по кои

цени, за д,а може тие граѓани да си го испланираат своето производство во тие рамки.

Обврската за пријавување на производство треба да се префрли на откупувачот поради тоа што до месец март тој веќе има склучено договори за производство и за тоа поседува посебна евиденција во катастарот со број на производители, договорено производство на тутун,во количини,типови и сорти. Замислете секој производител сега доаѓа со своите парцели, катастар, а тоа преку договор се прави, поефикасно и поекспедитивно е тоа откупувачот да го прави и во интерес на тутунопроизводителите.

Во член 15 став 2 се зборува за годишна лиценца. Предлагам зборот "годишна" да се брише - тоа се сега предлози и да се предвидат услови во кои случаи се губи односно се одзема годишната лиценца.

Во истиот став точката да се брише и да се додадат зборовите "за одреден регион". Зошто го велам ова? Затоа што Македонија е ,200 х 200 или 150 х 200, не може да има 24 реони, туку може да има четири, пет или шест региони. Мислам дека е поприфатлив зборот регион и да се групираат по одделни општини, на пример: Битола, Ресен, или Струмица - Валандово, така што во таа смисла експертите што се бават со оваа проблематика да видат. Не би сакал во Да навлегувам, иако во изготвувањето на таков предлог можам да дадам придонес.

Условите во член 16 за стекнување на лиценца да се квантифицираат и да бидат набележани во самиот закон за тутун, јас би предложил да се размисли колку е тоа прифатливо да продолжи она што"е дадено во алинеја 1 на став 1 од член 16 да продолжи со зборовите "за најмалку 100 тони тутун во одреден реон" или ако се

прифати региони. Не може сега за дваесет тони тутун да се дава лиценца, па тутунски техничари, тутунски инженери, па стручњаци, така што да биде минимум 100 тони за добивање на лиценцата.

Во алинеја 2 да продолжи "најмалку двајца работници- со завршен земјоделски факултет и двајца работници со завршено средно техничко тутунско училиште за количини од 100 до 500 тони суров тутун, а за секои нови сто тони суров тутун уште толкав број стручни работници Тоа го предлагам заради одговорноста на откупувачот, со што пак и овде помалку да се манипулира со тутунопроизводителот. Не може секој да откупува тутун а ги имаме доволно оспособени млади и искусни луѓе во реоните и регионите, и земјоделски инженери и тутунски инженери и тутунски техничари и земјоделски техничари. Мислам дека имаме доволно оспособен кадар што: може таа работа да ја вршат. Не може сега преку ноќ - бил инженер или фармацевт да се бави со тутунопроизводство. Иако такви случаи има мислам дека треба да се стесни просторот за манипулација.

Во член 19 став 3 предлагам точката да се брише и да продолжат зборовите а тоа е еден од законот за мустрите односно мустрите односно квалитетот на тутунот да се квантифицира на едно место во Републиката. Најголем проблем и најголемо незадоволство кај тутунопроизводителите не смее да биде присутен субјективизмот. Ако во Република Македонија во Министерството и во Институтот за тутун се каже која е прва класа и прва категорија на тутун, тоа јавно да биде, исто така ди за втората и за третата категорија, трета-а), трета-б), четврта-а) и четврта-б), нема да има тука субјективно проценување од проценителот, Комисијата, тутунското претпријатие и тн. При спорни прашања Комисијата Владата на Република Македонија, односно Министерството ќе бидат многу поразрешени и тутунопроизводителот ќе биде позадоволен. Во Источна Македонија не може да биде тутунот III-а, тутунопроизводителите знаат што е тоа, овој квалитет, во Прилеп друг,

во Крушево друг. А извозот на тутун е заеднички. Во таа смисла предлагам во Законот да бидат точно мустрите односно квалитетот и категориите на едно место во Републиката од познавачи на тутун».

Во член 20 од Нацрт законот не е предвидено потврдуваше на стручноста и лиценцата издадена во Институтот за тутун, за лиценца кои ќе работат на проценката на тутунот, почнувајќи од претставниците на откупувачите, здруженијата на тутунопроизводителите и претставници на Министерството за земјоделство во подрачните единици. Школската подготовка и работното искуство стекнати било каде не се доволни за објективно проценување на тутунот, иако ова и досега е присутно, но мислам дека поради тоа мерилата за квалитетната проценка на тутунот не се статична материја, тоа е динамична категорија. Затоа треба што повеќе овие субјекти кои се бават со откупот при проценка на тутунот да бидат потврдени не само во тутунските претпријатија туку и пред Институтот за тутун и пошироко, пред една поширока јавна оценка за нивната стручност и објективност затоа што за една година трудот вложен од овие граѓани кои се над 100 илјади, затоа што за еден неполн час му се решава судбината дали ќе добие 3000 марки, 2000 или 1500. Затоа, треба да се трудиме како Парламент и како одговорни субјекти тоа да биде што пообјективно. Според тоа, се залагам за лиценцата.

Во став 1 текстот да се измени и да гласи, а јас се прашувам тоа што зборував, дека авансот не може да биде понизок од 20 до 30%. Господо, сега кажете ми - сега не сакам од 24 претпријатија кои се бават со откуп на тутун, може на една рака да ги наброиме, не сакам сега да фаворизирам кој работи добро а кој лошо - може да го откупат и да го платат тутунот односно да го авансираат. А оние што не можат да го платат и авансираат тутунот? Што правиме сега? Некое тутунско претпријатие од некоја општина не е во состојба да даде ни 2% аванс,

ако деловните  банки не можат односно ако не најдеме извор на финансирање на тутуновото производство. Ако тоа ние го ставиме во закон, а јас предлагам да се стави во законот, но тие средства мора државата благовремено да ги најде односно деловните банки. Кога велам државата мислам во системот да се најдат.

Мислам дека има уште многу многу работи што треба да ги предвидиме во Законот, но за да не должам од ова место затоа што мислам дека ова е нацрт на закон, се залагам што поитно да се донесе, покрај значителните забелешки што ги имам, јас сум за да се пушти во расправа сите забелешки пак да дојдат до комисиите, одборите, институциите, ресорните министерства. Значи мојот предлог е, иако имам забелешки не сум да стои законот туку да се пушти, да се расправа во фаза, предлагам одговорните субјекти кои ја познаваат оваа проблематика, кои ја почувствувале директно или индиректно на своја кожа од пратениците да учествуваат во крајното оформување на Нацртот на законот за тутун. Да учествуваат непосредно, директно со принципиелни мерки, да дојдеме до тоа и што поитно да се донесе затоа што мислам дека оваа проблема- тика е доста чувствителна и мислам дека со новиот нацрт закон мораме да ја фатиме реколтата од 199 6 година. Ако тоа не го направиме уште една година тоа ќе го толерираме, а ќе го трпат граѓаните.

Тоа е за законот, но ова го зборувам не повеќе од аспект да се најде економијата за тутунот, повеќе го зборувам од аспект затоа што се наоѓаме во една транзиција, имаме многубројни стечајни работници, а не сме во фаза веднаш да го решиме проблемот и мислам дека треба тоа да го направиме во овој закон, проблемите да бидат што порешливи и што побрзи. Уште две минути ќе ве замарам затоа што ако предлагам предлози, зборуваме што бил тутунот, што е сега, зборуваме за конкретни алинеи и членови во законот, а еве тоа е лично  мој став, став

што сум се консултирал со тутунските претпријатија и тутунопроизводителите, ќе ги кажам со цел да се надминат состојбите и проблемите неопходно е да се преземат конкретни мерки од интерен и екстерен карактер. Од интерен карактер не можам сега да зборувам јас во тутунските претпријатија но начелно би рекол да се зголеми ефикасноста и економичноста,рационалноста во тутунските претпријатија може некои додатни дејности да се ублажи оваа состојба, да се зголеми продуктивноста кај преработката во повисок степен, квалитетни цигари кај преработувањето на суровиот тутун во Република Македонија, а за тоа имаме опремени фабрики и преку Македонија табак како најспецијализирана куќа не би рекол само во Република Македонија туку и на Балканот и во Европа и светот, што тоа го прави и досега и во наредниот период да бара нови пазари, нови решенија. Тоа се мерки од екстерен и интерен карактер, но и тоа не е доволно, со цел да се компензира неправдата направена со пресметување на повисоки камати од реалната во однос на пониската инфлација и скоро замрзнатиот курс на доларот и германската марка за периодот 1993/94 година, потребно е за висината на невалоризираната камата и вредност на основачкиот влог, Стопанската банка АД Скопје и другите деловни банки кои соработуваат со тутунските претпријатија да ги намалат обврските по камата кај претпријатијата од тутунското стопанство.

IV/1.- ЈМ/МЛ

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Затоа што моментално тутунските претпријатија со каматите и побарувањата должат околу 118 милиони долари од кои 40 милиони долари се вратени, а останатото стануваат побарување. И со оваа стапка на камати мислам само може подлабоко да пропаѓаат. Владата на Република Македонија што поскоро да го донесе законот за претворање на краткорочните кредити од примарната емисија во долгорочни кредити со светски камати кои се присутни во светските банки, не со 4% или 3% месечно, туку со 4, 5 до 6% годишна камата, односно со 0,5% максимално месечна камата. Агенцијата за санација на банките да изврши одреден отпис на кредитите и на каматите по преземените обврски на претпријатијата затоа што нереално беа теретени со камати, а тоа директно ќе се олесни и на тутунопроизводителот затоа што благовремено ќе добие аванс од тутунските претпријатија и тн. За претпријатијата кои не се опфатени со проектот за санација на банките и односите нивните долгови не се категоризирани во спорни побарувања деловните банки да извршат отпис на дел од побарувања- та и одредено трансформирање на кредитите и каматите на долгорочни кредити. Со цел да се помогне на тутунското производство, на тутунските производители во санирањето на тешките состојби во тутунското стопанство и да се запре негативниот тренд во производството на суров тутун, Владата на Република Македонија и ресорното министерство треба благовремено да ги подмири заштитната цена за бербата 1996 година. Благовремено, зголемување на регресот на каматите, премија за тутунот. Извозните стимулации за нето девизен ефект да биде што поголем. Кога зборувам нето девизен ефект на еден долар извоз најголем нето девизен ефект ние имаме кај тутунот затоа што е вградено најголем дел живата снага, сила, односно живиот труд на тутунопроизводителот. Ние зборуваме само за извоз од 30, 40 милиони

долари, а нето девизен ефект имаме 50 или 40 или 30%. А овде се работи за нето девизен ефект на секој долар 60 до 70%. Деловните банки да се вклучат во откупот на тутун со одредени кредитни средства по светски банкарски камати. Господа, ние правиме годишни собранија на одредени банки деловни во Републиката, зборуваат за огромни акумулации, а кога ќе се отворат тефтерите се гледа колку камати наплатиле непринципиелно, не на основа на економската логика од тутунските претпријатија, а после ја оспоруваме Владата, Парламентот итн. Мислам дека може да се најде во тој поглед и под итно да се најдат 30 до 50 милиони долари за да се одржат овие граѓани во живот, примарна емисија со светски камати. Ако се најдат 30 милиони долари, ако даваме ние 110 милиони долари за социјална помош и ако еднаш за секогаш, јас не зборувам 30 милиони долари за една година и ако го пратиме со ова авансирање 20 до 30% тие средства ќе ги задолжиме тутунските претпријатија со хипотеки и ќе одат со години, децении итн. Тоа е решението. Ако имало решение пред пет години во претходниот систем, а ние сега како Република Македонија ние не мислиме компјутери да произведуваме, автомобили, додека оваа транзиција трае, должни сме и одговорни за овие граѓани што живеат моментално и егзистираат исклучиво од тутунот над стотина илјади тоа да го направиме.

Мојот предлог е уште еднаш ќе го потенцирам да се вклучат пратеници од Парламентот. Јас го прифаќам како нацрт со сите слабости да се надминат и што поитно да се донесе и да важи за реколтата 1996 година.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам дека колегата посебно искажа за тутунопроизводителите, а особено на

нашата општина. Па јас би рекол исто и јас сум од ова подрачје каде некаде околу 50% и повеќе од населението се бави со тутунопроизводство и тоа не да се бави, туку и му е главна егзистенција за живот, односно бедниот живот што го имаат. Знаејќи дека со тутун се бават, знаеме кој слој на население се занимава со производство на тутун кои немаат друго што да работат. Дали е стечаец, дали нема земја, или било што мора да обработува тутун за една гола егзистенција, за еден гол живот.

Драги пратеници Здружението на тутунопроизводителите во општината Радовиш, а посебно месните заедници од општината бараат од нас пратениците ангажирање, односно забрзана иницијатива за што поитно донесување на овој закон. Не би можел а да не се сложам со тоа што го бараат нашите од месните заедници и од Здружението на тутунопроизводителите. Но, сега од кога овој закон е пред нас на разгледување, а особено што е даден во Нацрт-закон, дозволете од мое име и од името на производителите на тутун во нашата општина да ги искажам своите забелешки по Нацрт-законот кои сигурно ќе најдат место во новокомпонираниот, односно поправен текст на законот кој исто како претходникот барам што поитно донесување за да може производството на тутун производителите да го имаат со една сигурност во реколтата 1996 година. Итноста од донесување на законот ја образлагам од следните причини. Во овој месец март на кој не му е јасно се припрема расадот на тутунот, така што тој се одгледува, се заштитува со заштитни мерки, се обезбедува од семенски материјали и заштитни средства кои ги издаваат како што е предвидено според законот откупните претпријатија се склучуваат во текот на април договорите помеѓу производителите и откупувачот, нормално според законот кој го предвидува истото. Меѓутоа сигурноста на производителите за производство на тутун зависи од повеќе фактори што треба да ги донесе

законот, а кои се овие поттикнувачки фактори за планирано производство на тутун.

Прво,навремено обезбедување на семенски материјал и заштитни средства од страна на откупувачот на тутун секако според законот за производство и реонизација на тутунското производство.

Второ, склучување на договори за сигурен и количински откуп на тутунското производство. Сигурен откуп.

Трето, авансирање на тутунското производство преку финансиски средства и заштитни средства исто така предвидени според законот за тутун.

Четврто, откупот на тутунот секако се однесува на временскиот откуп,квантитативниот и квалитативниот откуп.

Петто, исплатата на тутунот.

Почитувани пратеници, врз основа на поттикнувачките фактори за планираното квантитативно и квалитативно производство на тутун ги давам своите забелешки во однос на Нацрт-законот на тутун Иако во Комисијата за земјоделство, водостопанство и шумарство ги искажав своите забелешки кои се и составен дел од записникот на Комисијата. Би сакал и овде во кратки црти да ги искажам за кои верувам дека ќе бидат составен дел во наредниот Предлог-закон за тутунот.

Член 10 од законот каде се определуваат количините годишно да бидат предвидени до 31 јануари тековната година за да се промени датумот 31 декември, да стои. Стои 31 јануари, да стои 31 декември. Во член 13 датумот 30 мај да се промени во 30 април за пријавување на производство на тутун до Министерството за земјоделство, водостопанство и шумарство.

Член 25 барам да се изврши промена во колку одкупните претпријатија паднат под стечај или ликвидација, државата да го преземе тутунското производство преку своите институции секако за да не страда производителот на тутун.

Член 32, тука имаше полемики на Комисијата и има предлог од Комората да не може да биде од 20 до 30% авансирањето на тутунот, туку да биде најмалку 30% од склучување на договорот и да не биде 60 дена, да се намали на 30 дена по склучување на договорот.

На крајот не би сакал да должам, бидејќи претходниот колега доволно искажа за тутунот. Меѓутоа кога знаеме дека тутунот е прогласен во законот како индустриско растение од општ интерес за Републиката, треба да биде и заштитен, секако. Зошто на тутунопроизводството би следело од поставување на заштитни цени, откупни цени, премии итн. Тоа е всушност сигурноста на производителот за да произведува поголема количина на тутун во реколтната година. Посебно што сакам да истакнам за дооформување на овој закон најде место и откупот на тутунот, времето за исплата на тутунот, на тутунското производство и во финансиски средства секако и организирање на откупот во реколтната година. Инаку јавно изјавувам дека ќе гласам за овој закон за поитно донесување на истиот од мое име и од име на моите бирачи.

**ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, како што стои во самото образложение на Нацрт-законот после неполни 2,5 години од разгледувањето на предлогот за донесување на законот за тутун, пред нас е Нацрт-законот за тутун. Ќе се сложите сите дека станува збор за навистина долг период помеѓу овие две фази иако сигурно постоеле и

објективни причини кои тоа го оневозможувале. Добро е што денес го имаме пред нас иако ја имаме во предвид состојбата во тутунското стопанство, -големите залихи на тутун, ниските цени, проблемите во откупот и исплата на тутунот, монополската положба на откупните организации и слично, неопходно се наметнува потребата од донесуваше на законот и скратување на периодот помеѓу фазата на нацрт и конечното изгласување и усвојуваше. Сето тоа од едноставна и оправдана причина бидејќи производството на тутун претставува основна гранка во земјоделството па и пошироко во државата и регулирањето на односите во производството, откупот и обработката на тутунот ќе придонесат кон една поголема сигурност кај селското население, на кои производството на тутун е основната егзистенција. Од разгледувањето на самиот закон очигледна е понагласената улога на Министерството за земјоделството за водостопанство и шумарство и посебно на министерот. Тоа може да се констатира преку фактот дека тој ги определува количините на тутун, регионите и реоните каде што тој ќе се произведува, сортите на тутун како и примената на агротехничките мерки и интегралната и инструктивна служба. Ако тоа значи и поактивен однос на Министерството, односно превземање на одговорноста од страна на државата, тогаш тоа е добро. Доста беше со формата дека тутунот е стратешка суровина што значи интерес на државата, а подоцна тој интерес се сведуваше само на исплата на премија, разлика, или прокламирањето на загриженоста на државата. Во овој дел треба да се нагласи и обврската за определување на рокот за количините на тутун што ќе треба да се произведат. Во член 10 од законот е кажано дека тој рок треба да изнесува 31 јануари за тековната година. Имам размислувања дека тој рок треба да биде 31 декември претходната година од причина што сите планови за наредната година се припремаат, изготвуваат и донесуваат до крајот на 31 декември.

IV/7.-

Понатаму, во член 13 е кажано дека производителот на тутун е должен секоја година до 30 мај до подрачната единица на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство да го пријави планираното производство на тутун за тековната година. Сметам дека рокот од 30 јуни е пооправдан, спротивно на претходните дискутанти за скратување на тој рок е пооправдан од едноставна причина што месец мај е периодот кога тутунот се засадува и производителите немаат да бидат во состојба да имаат увид во производството што го планирале и што очекуваат да се оствари. Мислам дека треба да постои некаква корелација по- меѓу овие рокови и роковите на изготвување на годишните планови.

Во доменот на откупот и обработката на тутунот направен е најголем напредок и овозможена е извесна либерализација со тоа што се проширува, или не се ограничува бројот на фирмите кои ќе се занимаваат со оваа дејност, се разбира, доколку ги исполнуваат условите кои се предвидени со закон. Законодавецот го задржува правото да ги утврдува и ги утврдил правилата на игра. Тоа е во оваа фаза и добро бидејќи сметам дека од еден чисто монополски модел не треба да се помине во систем кој ќе внесе поголема несигурност кај тутунопроизводителите.

Во членот 15 од законот стои дека откупувачот на тутун е правно лице кое е регистрирано за вршење на дејност за откуп и обработка на тутун што има годишна лиценца. Се поставува прашањето дали рокот од една година не внесува несигурност кај откупувачот и нели е добро таа лиценца да се дава на подолг рок со клаузула да може да ја загуби оној момент кога нема да ги исполнува условите предвидени со законот, поготово што лиценцата ја издава и условите ги утврдува министерот за земјоделство.

IV/8.-

Во делот на условите кои треба да ги исполнуваат за да добијат лиценца откупувачите, покрај другото тој дека тие мораат да располагаат со соодветен простор за квалитетно сместување, чуваше и обработка на тутун, меѓутоа не е кажано колкав треба да би- де овој простор и колку тутун ќе може да чува, 100, 200 тона и сл., а исто така треба да биде кажана и стручната подготовка и бројот на кадрите што треба да ги има откупувачот. Истовремено треба да се даде нова алинеја, т.е. еден од условите кои треба да ги исполни е да располага и обезбеди доволно парични средства за отплата на откупениот тутун.

Понатаму, една од забелешките кои треба да му се препишат на законот се однесува на член 25 кој кажува дека доколку откупувачот падне под стечај, или ликвидација и не може да го откупи договореното количество, тогаш производителот може тутунот да го продаде на друг откупувач. Се поставува прашањето кој ќе биде тој друг откупувач и каква е обврската тутунот да биде задолжително откупен од истиот. Се предвидува забрана на извоз на неферметиран тутун, за што треба да се има разбирање ако се има во предвид интересот на државата, но тоа значи дека треба да се забрани и увозот на тутун што ќе биде во интерес на домашниот производител. Во насока на заштита на овие интереси не е ли време да се воведат и извоз- ни стимуланси за оние количини што ќе бидат извезени на странскиот пазар, бидејќи нашето производство е и понатаму ќе мора да биде насочено за надвор. Понатаму посебно би сакал да ја потенцирам и институцијата договор за производство и откуп на тутун. Дали и понатаму тоа ќе биде договор кој производителите однапред ќе бидат примо- рани да го прифатат без да добијат шанса да се договараат, или дали само тие ќе мораат да ги исполнуваат договорните обврски, или пак текстот на договорот ќе биде утврден и усогласен помеѓу договорените странки.

IV/9.-

Посебно сакам да ја нагласам состојбата на исплата на произведениот и откупен тутун, иако оваа материја не е предмет на овој закон. Време е еднаш тутунопрризводителите да го зачуваат своето достоинство и почит и нивниот труд да биде платен навреме и без штрајкови, без уцени. Роковите кои денес се утврдени и се применуваат не дека се долги, нереални и покрај разбирањето на економската состојба и финансиските можности, туку и надвор од секаква логика.

**ДРАГАН ГОРГИЕВ:** (Продолжение)

Циклусот од 15 и повеќе месеци од денот на засадување до исплата ќе признаете дека е премногу. Нашиот тутунопроизводител заслужува сепак повеќе почит.

**СИМЕОН НАУМОСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа. Проблемите во тутунското производство кои и денес се присутни ја налагаат потребата да се зборува и во претходната точка од оваа седница, а и по овој нацрт на закон. Се одлучив лично само за една дискусија, и тоа само по овој закон во која ќе опфатам нешто што сакав да го кажам и по претходната точка и затоа можеби ќе Ви одземам нешто повеќе време, за што се надевам дека нема да ми замерите.

Уште на почетокот на мојата дискусија сакам да истакнам дека во целост ги поддржувам дискусиите на претходните дискутанти, кои зборуваа во оној дел за состојбите во тутунското производство во Републиката, посебно дискусијата од г-динот Чифлиганец и ќе се обидам во своето излагање некои делови, што тој ги искажа некои податоци да ги избегнам колку што можам.

Со посебен респект и внимание пријдов кон анализирање на овој нацрт на закон, што и сосема е разбирливо поради фактот што доаѓам од општина во која производството на тутун е животна определба на 10 до 12 илјади семејства и култура која се одгледува од памтивек. За граѓаните на општина Прилеп тутунот е се. И радост и тага и богатство и сиромаштија, секојдневна тема на разговори, историја на општината.

Тешките состојби во тутунското производство присутни во последниве неколку години посебно, направија дел на жителите на

општината да ги проживуваат најтешките моменти од нивниот живот. Податокот да во минатата година, која се сметаше како исклучително приносна, се произведени во општината само 3 до 3 иљјади и 200 тони сиров тутун наместо вообичаените 6 до 7 тони тутун , а често и повеќе потврдуваат дека интересот за оваа култура е се помал и помал. Сето ова се случува во години кога и безработицата во општината нагло расте и која од 10500 невработени од пред 3 до 4 години се зголеми на околу 20500 со тенденција и натаму да расте. Значи прилепчанецот бега од садењето на тутунот и тоа во услови кога нема доволно и други избори на приход за нормална егзистенција на својата фамилија. Дали тоа не е доволен показател и потврда. За јавно искажаната оценка од страна на прилепчани дека одгледувањето на тутунот не е исплатливо од причини што од неговата откупна цена по одамна ништо не се заработува односно како што велат некои постари жители на општината не се заработува ни пари за боза да си купи.

Законот кој е пред нас и во облика на нацрт, втора фаза сосема е добро среден, јасен, разбирлив. Од таа формална страна немам никакви забелешки. Тој многу прецизно и јасно ги регулира односите на релацијата индивидуални или групни производители, откупувачи, областите од манипулацијата и ферментацијата, прашањето на типската чистота на тутунот, контролата и казнените одредби во таа област. Но, мора да се признае законот не ги решава клучните проблеми во тутунското стопанство.

Потези од Владата за оваа област, потези за позитивни ефекти прилепчани одамна очекуваат и се надеваат на нив. Сосема се убедени дека оваа држава ќе овозможи да еден дел од нив повторно се вратат на тоа тешко и макотрпно производство со што и ќе се обезбедат поубав живот во иднина за егзистенција на нивните фамилии.

V/3.-

Морам да констатирам дека со овој закон кој сигурно ќе се донесе, ќе го усвоиме ни од далеку нема да бидат решени најкрупните проблеми од оваа област. Тоа треба да е јасно на сите нас. Одредбите од законот кој го разгледуваме за жал за индивидуалните тутунопроизводители се споредни и најмалку битни за носеше на лична одлука сега, деновиве за садеше на оваа култура за оваа година. Финансиски ефекти од овој закон индивидуалните тутунопроизводители па и преработувачите нема ништо да добијат.

Ако внимателно се проанализира образложението кон овој закон ќе се извлечат неколку основни карактеристики со кој со дел од нив не се согласувам, не ги прифаќам, а еве и зошто.

Прво се тврди, цитирам, се предлагаат решенија кои ќе обезбедат економски ефекти од оваа култура која на одреден начин претставува стратешка за Република Македонија. Завршен цитат. Прашувам кои се тие економски ефекти, каде се, колкави се, да ми се образложат, коректно е да ги знаеме сите. Јас такви податоци за позитивните ефекти од овој закон не сретнав никаде во него, а и подолго време ги нема во тутунското производство, поаѓајќи пред се од фактот на интересот за негово производство кај индивидуалните производители, потоа од присутните состојби во дел преработувачки претпријатија во Републиката, а и од севкупните денешни финансиски состојби во тутунското стопанство.

Прифаќам дека е точно она што се тврди во образложението дека тутунот е стратешка култура за РМ и тоа сакам и да го потврдам со некои факти, со некои показатели кои важеа до крајот на минатата година.

Во периодот од 1990 до 1994 година во Република Македонија просечно е произведувано по цирка с-сса 22.000 тони сиров тутун или

19.500 тони тутун , ферментиран тутун годишно. Во истиот период извезувано е околу 10.800 тони ферментиран тутун годишно надвор од границите на бивша СФРЈ и од кој е остваруван чии девизен годишен ефект за оваа држава од приближно 4 6 милиони долари.

Во истиот период внатре во границите на бивша СФРЈ е пласирано годишно ферментиран тутун во просек од околу 3.000 тони или нов прилив од девизни средства во висина од приближно 9 милиони долари. Значи просечно чист извоз годишно нето девизен прилив на ферментиран тутун во период 1990 -1994 година бил околу 55 милиони долари.

Во истиот период просечно годишно производство на цигари во Републиката било околу 14,5 илјади тони, а во 1995 година опаднато на 10 илјади тони. Од нив во Републикава се пласирани во просек околу 3.400 тони за да во 1995 година таа потрошувачка опадне наполу , на 1.700 тони. Другите количини произведени се испраќани во извоз.

Од извозот на финални производи, цигари од приближно 11.000 тони годишно за истиот период е остваруван годишно девизен прилив од околу 70 милиони долари. Значи во просек минатите години за период 1990-1994 година остварување девизен прилив годишно просечно по сите основи во граници од 20 до 125 милиони долари.

Во истиот период од тие девизни средства трошени се на име увозни репроматеријали за потребите на целата тутунска индустрија во Републиката годишно околу 20 до 25 милиони долари. Сите овие показатели покажуваат дека РМ имала просечен годишен девизен чист прилив од тутунот и тутунските преработки од приближно 100 милиони долари.

Од акцизи во буџетот, во истиот период годишно се слива приближно во граници од 30 до 38 милиони долари, а во 1995 година за жал тој прилив ќе биде на пола помал.

Од сите овие показатели кои ги споменав очигледно се потврдува дека навистина тутунското производство за Република Македонија е стратешка култура, основна стратешка култура, како што стои и во образложението на законот.

Втор момент од образложението кон овој закон за кој не се сложувам гласи "го поттикнува економскиот напредок во регионите и реоните во кои постојат услови за производство на тутун". Ви се молам нека стане било кој од Вас со показатели вакви нека каже во кој регион и реон од Републикава каде се одгледува тутунот, дали е тоа Прилеп, Радовишко, Струмичко, Битолско и т.н. има постигнато економски напредок од неговото гаење во последниве неколку години.

Наместо ова што се тврди во образложениево реалноста, животот покажува дека имаме појава од изразито тешки финансиски состојби и кај индивидуалните тутунски производители и кај доста претпријатија кои се бават со преработка и доработка и финализација на тутунот, а некои од нив се појдени во стечај , или се во претстечајна постапка.

Со оценките по образложението на нацртот, како што се производството на тутун претставува основа гранка во земјоделството, пошироко и за државата, потоа дека тутунот како вид индустриско растение е добро од општ интерес за Републикава се согласувам во целост. Тие и по мене се апсолутно точни констатации.

Ако овие констатации се признати и од Владата тогаш се поставува прашањето зошто кон тутунопроизводството денес, или до денес се приоѓа само со вакви тесни , ограничени законски решенија, а не и со целосни решенија во оваа област. Во тутунското производство потребни се многу многу поважни решенија, други стратешки потези, кои дел од нив требаше и да бидат донесени уште минатата година, ако не и порано.

V/6.-

Проблемот со ниските откупни цени, кои тлее неколку години station уназад, потоа проблемот со извозните стимулации и оти само за делот на извозот кој носи чист нето девизен прилив за државава и недоисплатентие камати од оваа камата према банкарските институции од лошата каматна политика во минатите години, како и делот на проблемите кои денес се присутни внатре во системот на тутунопроизводството се клучните тешкотии во оваа област. Овде сакам да го напомнам податокот дека на име камати према банките во 1994 година тутунската индустрија во Републиката има исплатено околу 50 милиони долари, а сегашните состојби се приближно толку ги спомна колегата Чифлиганец, во граници на околу 12 0 милиони долари неисплатени обврски.

Денес на оваа седница немам намера да зборувам за внатрешните промени во системот од причини што нема ни време за тоа и што очекувам брзо да дојде времето кога и за нив ќе зборуваме овде, а очекувам и процесот на приватизација, како и другите активности кои се во текот на некои средини од оваа област, да ги разбистрат состојбите, ги издеференцираат решенија и дел од нив и сами ги разрешат.

Во моментов во тутунското производство очекуваат решенија за два од претходно наброените три најтешки проблеми од оваа област, решенија кои треба да ги донесе Владата, а тоа се:

Воведувањето на прифатливи стимулации на извозот и тоа само на делот кој претставува чист девизен прилив и зголемувањето на откупните цени до граница која ќе претставува вистински интерес кај производителот мислам на индивидуалниот производител да се врати повторно на неговото производство.

Со носење на овие два потези гарантирано ќе се постигнат и тоа за 1 до 2 години неколку исклучително позитивни ефекти во Републиката

V/7.-

Да набројам дел од нив. Зголемување на производството; ангажиран»е на голем број на работна рака, кое директно ќе влијае на смирување на социјалните тензии во Републикава и ќе се обезбедат сите предуслови за зголемен девизен прилив од зголеменото производство кое и тоа и како е потребно како стратегија на оваа Република. Значи ќе се оствари она што повеќе години уназад се бара, се прокламира во макроекономската политика, но досега не се остварува , веројатно како последица на несоодветните мерки внесени во нив.

И во оваа година, овие два изминати месеци сите индиции покажуваат дека сигнали за оживување на производството во Републиката нема. Ако тоа е сигурен показател во стартот тогаш не гледам причини кои не дозволуваат да се пристапи уште од сега, ако некој ќе смета дека е рано, кон припреми на промена на дел од одредбите и мерките на макроекономската политика и дел од ставките од буџетот за оваа година. Всушност сличен предлог и слично размислување имаше и во дискусиите на претходните дискутанти.

Секое каснење во овој правец ќе донесе неколку струко потешки последици за Републиката. Кога сугерирам и барам вакви припреми за корекции за мерки во оваа област не значи да инсистирам и да се залагам за потези кои водат кон инфлаторните води кои ги имавме пред неколку години. Стимулациите во извозот би биле доволни во овој момент во висина приближно на онаа која важеше за оваа област во овој извоз до крајот на 1994 година.

Новите откупни цени на тутунот, за кој се залагав треба да се постават и во некои реален сооднос со останатите откупни цени на основните земјоделски и стратешки производи кои се произведуваат во оваа држава. Постигнатата откупна цена на суровиот тутун во 1995

година па и оваа деновиве донесена од Владата , која тогаш беше во висина од 2,16 долари за килограм, дури нешто уголемена во однос на исплатената во 1994 година на прв поглед погледнато од наша страна, а не од страна на индивидуалните производители, значи од страна на нас, власта, изгледа дека е доволна и можеби голема. Но, ако се направи пресметка за тоа што се добива како профит од садењето на тутунот при целосен ангажман на едно четиричлено семејство од една страна, потоа како се земе предвид преценетата вредност на денарот во однос на доларот и марката од друга страна и ако се земе предвид целосно изгубениот интерес за негово одгледување од трета страна, и тоа во време кога безработицата кулминира ќе се сфати дека оправданоста за зголемување на откупните цени на тутунот, за кое се залагам, е сосема потребна и неопходно е да се направи што поскоро во рамки какви ќе има интерес индивидуалниот производство.

Проблемите присутни во тутунското производство се последица исклучиво на немањето долгорочно, по мене, стратегија за производство и развој и во оваа гранка и во земјоделското производство во целина. Стратегијата во ова производство треба да биде што поитно изработена од страна на Владата и да биде презентирана за расправа на овој Парламент При нејзината изработка треба да се тргне по мое длабоко убедување од следните основни постапки.

Прво генерално погледнато дали и требаат девизи на оваа држава, колку годишно, од кои извори односно дали преку извоз на остварено производство во Републикава или од други не производствени приливи, кои секако и тие не треба да бидат потценувани натаму.

Второ, од т:оа колку девизни средства ќе се очекуваат и планираат со таа стратегија од извозот на тутун и посебно од извозот на кои сорти на тутун и од земјоделското производство во целина.

V/9.-

Трето кои и колкави годишни количини од основните земјоделски и прехранбени производи (пченица, пченка, месо, млеко и сл.) и недостасуваат на оваа држава да се обезбедат од сопствено производство, колку девизни средства се потребни годишно за нивно обезбедување од увоз и од кои извори односно со кои девизи тие долгорочно ќе се обезбедуваат за оваа држава.

Четврто колкав обем на работна рака се ангажира во тутунското производство, па и во останатото земјоделство во целина. Која е таа квалификациона структура на тие вработени кои се ангажираат на тој план и што значи нивното ангажирање во овој момент во Републикава кога безработицата кулминира.

Петто од фактот дека тутунот се произведува на сиромашни почви од четврта до седма категорија на кои е тешко да се добие рентабилитет за одгледување на други култури.

**СИМЕОН НАУМОВСКИ:** (Продолжение)

Шесто, од податокот во оваа област за доработка на тутун во Републиката има вложено огромни финансиски средства за опрема со најсовремени карактеристики.

Дами и господа, врз база на се она што претходно го реков, очигледно имавме од порано изработено долгорочна стратегија во земјоделството. Повеќе од сигурно е дека проблемите во тутунското производство денеска ќе бидат присутни во симболична големина. И решенијата кои се внесуваат во макроекономската политика и во Буџетот ќе поаѓаат, а и мора да поаѓаат од тие основни определби во земјоделството во кое производство, од производството на храна нема ништо поважно за една држава. Ако конечно сме сфатиле дека клучниот проблем кој треба да се реши во оваа наша држава е оживувањето на производството и тоа пред се она наменето и за извоз, а потоа се друго, кое нешто и подолго време како определба е внесено во макроекономската политика пред години station наназад, тоа нешто го кажа и премиерот во своето експозе пред недела дена од прилика, тогаш еве ја правата шанса да почнеме да го оствaруваме она кое сите го сакаме и очекуваме во оваа година со подвлекуваше на потезите за кои претходно зборував. Само да не заборавиме дека времето не е сојузник во решавањето на овие проблеми. И малото доцнење ќе донесе крупни последици кои можат да се исправат тек после повеќе години.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, очигледно како ќе излегуваме на оваа говорница во голем дел од дискусиите ќе се повторуваме а тоа произлегува оттаму што проблемите скоро во сите региони се слични и подеднакви околу производството и откупот на тутунот. Јас од тие причини ќе се обидам во главни црти да се произнесам околу нацрт-законот на тутун и забелешките околу тој закон,

VI/2.-

а претходно ќе ми дозволите едно мало образложение. Тутунот за нашата држава претставува стратешка култура која обезбедува огромни девизни средства за нашата држава. Но не само тоа. Имено со производство на тутун се занимаваат една категорија на луѓе кои немаат други извори на средства, практично до тутунот и живеат. Производството на тутун е една од најтешките култури,каде што производителот е принуден цела фамилија да ја ангажира, најмалку 8 до 9 месеци, ако не и повеќе во годината, за на крај да добие некоја минимална награда, претежно реализирана со судни маки, поготово во последниве години кои финансиски средства претставуваат минимална заработувачка за да може да ги обезбеди основните намирници. Кога би се направиле една анализа за ангажирањето на едно петочлено семејство ќе се заклучи дека истото може годишно да произведува од прилика некаде окопу 1.000 килограми тутун, пресметано од тоа што просечната цена му доаѓа да добие некаде околу 60 германски марки на член заработувачка која добиваше и на крајот на годината со доста големо задоцнување.

Господа пратеници, после сето ова се прашувам дали оваа измачена категорија на луѓе заслужува државата да им посвети поголемо внимание и за нивниот вложен труд им понуди еден квалитетен закон со кој ќе бидат регулирани односите од купувачот, секако ова се однесува за досегашната ситуација, а сметам дека веќе во наредниот период и со носењето на овој закон ќе се донесат некои подобри решенија и поготово на платата на тутунот ќе биде доста добро реализирана. И досега постоеше закон за тутун, но производителите по досегашниот закон се чувствуваа запоставени, а сметаат дека со тој закон им се даваат огромни права на откупните претпријатија, таканаречени монополи. Добро е што конечно пред нас го имаме новиот нацрт на закон за тутун. Истиот го гледавме и на Комисијата за земјоделство каде што имавме доста забелешки и предлагам министерот за земјоделство истите ги

вгради во законот за да добиеме порамноправни односи помеѓу производителот и откупувачот. Верувајте, тие се доволни забелешки законот да изгледа добар. Исто така производителот на тутун би бил задоволен доколку му биде овозможено да произведува тутун, но да ја знае однапред неговата заработувачка, да му се овозможат услови за производство, правилна процена на произведениот тутун, добра цена на тутунот и на крај навремена исплата на предадениот тутун.

Сега неколку збора за самиот нацрт на закон за тутун, односно моите забелешки за овој нацрт на закон. Предлагам во член 10 кој гласи:"Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство поблиску ги определува количините на тутун, производните региони и реони, како и типовите, односно сортите на тутун кои можат да се одгледуваат на овие региони, односно реони. Количините на тутун се определуваат годишно до 31 јануари во тековната година". Мое мислење е дека министерот си зема преголемо овластување.

Во член 14 каде се кажува дека производителот е должен произведениот тутун да го продаде само на купувачот со кој склучил писмен договор, предлагам доколку производителите не е задоволен од својот купувач, подоцна да има право да си побара и друг купувач.

Во член 15 вели:"откупот на тутун може да го врши домашно правно лице". Само тоа. Зошто да не им се овозможи и на други правни лица да вршат откуп на тутун. Можеби ќе има заинтересираност и од страна.

Во член 16 мислам дека се бараат преголеми услови за да некој биде откупувач.

Во член 29 каде што се вели:"договорот се склучува најдоцна до 31 март" ова беше спомнато и од моите претходници, за да во член 32 се вели:"авансот се исплатува во паричен износ од 20 до 30% од договорената цена, најдоцна во рок од 60 дена, сметано од склучувањето на договорот".Што значи до почетокот на јуни месец.

VI/4.-

Предлагам тој рок да биде скратен и тоа како што беше претходно предложено на 30 дена од склучувањето на договорот, а истиот да се склучи најдоцна до крајот на февруари. Што значи, заклучно со 31 март авансот да биде исплатен и тоа не во износ од 20 до 30%, туку да се каже децидно 30%. Уште сметам дека е потребно да се нагласи околу самата исплата на предадениот тутун која ќе биде регулирана во договорот и да гласи: "истата да се извршува веднаш или најдоцна 30 дена од предавањето на тутунот". И на крајот дозволете ми да кажам уште нешто. Добро би било да се размисли дали тутунопроизводителите не би можеле да бидат здравствено и пензиско осигурани во периодот од склучувањето на договорот, или пак преку цела година. Бидејќи поголемата категорија производители се занимаваат исклучиво со тутун и немаат можности да работат во други организации не би било лошо ова да се размисли. И на крајот се надевам дека сепак новиот министер ќе преземе мерки и оваа година тутунот да биде што побрзо исплатен.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван нов министер за земјоделие, пратениците од нашите најголеми тутунски региони од Прилеп и Радовиш Чифлиганец и Наумовски добро ги насликала тутунските проблеми во нашата држава, јас во целост ги поддржувам нивните барања, меѓутоа, со г-динот Наумовски не се согласувам со една негова констатација дека тутунот во нашава држава не донесе економски напредок. Не знам ако не беше тутунот во изминативе 50 години каде ќе и беше крајот на нашата држава, посебно зборувам за селата. Ако г-динот Наумовски поинаку смета за друг економски на- предок јас му се извинувам за овие забелешки. По 5 години од смената на стариот систем со системот на пазарното стопанство и работење во пазарен амбиент денес во собраниска процедура стигна и Законот за тутун. По толку поминато време еве господ рече и нашето Министерство да понуди еден закон за тутун со кој

односите во примарното производство на оваа култура ќе се уредат врз принципите на пазарното стопанство, односно по толку поминати години стариот закон за тутун што важеше за стариот систем ќе биде заменет со нов закон што ќе биде заменет со новиот систем. Ако се има предвид стопанското значење на тутунот за нашата држава од неговата појава на нашите полиња до денес, мислам дека овој закон требаше да се донесе многу многу порано, тогаш кога се носеа и најважните закони за државата. Кога се донесе на пример новиот закон за работни односи требаше да се донесе и законот за тутун, кој како таков ќе понудеше и нови односи во работата и живеењето на околу 200 илјади жители за кој тутунот значи живот, работно место, егзистенција и шанса за остварување на никаква минимална, односно мизерна земјоделска пензија. Ако новиот закон за тутун се донесеше во 1991 или 1992 година сигурно тутунот не ќе беше во состојба во која се наоѓа денес. Не ќе тонеше во сегашните тешкотии и заканите еден ден да го снема од нашите сиромашни полиња. Но што е, тука е и мислам дека нашите тутунари ќе ни простат на греовите на овој план што се направени ако низ денешнава расправа по нацрт-законот што е понуден за расправа успееме да донесеме закон за тутун во кој ќе се исправат сите тутунски неправди и примарното производство на тутун ќе тргне по еден производен пат што ќе гарантира правилно вреднување на вложениот труд во производството на оваа култура, стопирање на потценувачките односи спрема тутунарите воведување на поголема демократија во примарното производство на тутун и се разбира ако по толку време тутунот се прогласува за култура од општ интерес за државата, државата еден ден да почне да гледа со поинакви очи со неговите производители. Меѓутоа, според се она што е нацртано во нацрт-законот за тутун, се разбира, ако тоа низ оваа расправа не се измени и подобри, не само што нашиве тутунари нема да ги простат сите досегашни што на овој план се

направени туку уште повеќе ќе бидат нанесени нови неправди потешки од кои што сега ги имаме во сите тутунски реони што е најважно тутунот брзо ќе го снема од производните планови на нашите земјоделци.

Почитувани пратеници, во општите одредби на нацрт-законот за тутун во член 3, меѓу другото се вели дека тутунот како индустриско растение е добро од општ интерес за Републиката. Значи по толку поминати децении тутунот што на мајтап или на подбив се нарекуваше жолто злато, сега и со закон ќе биде прогласен за добро од општ интерес за нашава држава. Добро е тоа што тутунот го добива овој третман, добро е и што со закон добива третман на злато или на нафта и на крајот добро е што законот за тутун конечно Македонија нема повеќе да се срами пред Европа и пред светот дека е земја на тутунот. Сите добро знаеме дека во бившиот систем нашето раководство бегаше од тутунот. Ќе ви кажам еден пример еден покоен министер за земјоделство беше прекоруван затоа што г-динот Макнамара го однесе во Прилеп да види нешто. Инаку озаконувањето на тутунот за добро од општ интерес за државата, според мене и тутунарите од кај што доаѓам, посебно тутунарите од село Добрушево во чија средина тутунот е донесен пред повеќе од три ипол века и од чија средина за првпат се споменува во белешките дека се направени реакции некои неправди со тутунот уште во тоа време, е добро самото добро на државата а не за доброто на тутунарите на оние 200 илјади учесници во тутуновото производство од 5 до 105 годишна возраст. Државата господа пратеници не греши кога тутунот си го прогласува за растение од општ интерес за државата. Се знае зошто. Затоа што во неговото производство од нивата до фабриката за цигари и самиот промет со цигари се вклучени над 200 илјади работници. Затоа што на сиромашните ораници само тутунот дава каков таков сиромашен доход, затоа што во Македонија селската сиромаштија се брка само со тутунот, затоа што преку тутунот стечајците

од селата може да дојдат до парче леб, затоа што тутунот вработува 200 илјади тутунари без никакви инвестиции за работните места и главоболки на државата за покривање на загубите или стечаите. И затоа што без девизни средства за репроматеријалите што се вложуваат во неговото производство се носи девизи, затоа што не само сиромашните ораници се натерани да даваат доход, туку од нив преку тутунот се остварува секоја година некаде околу 70 милиони долари нето девизен прилив и на крајот затоа што преку тутунот, односно преку преголемите даноци на цигарите убаво се полни нашиот државен буџет. Како по овие стопански социјални добра на државата тутунот може да не биде добро од посебен интерес на државата. Ете затоа господа пратеници тутунот се прогласува за државно добро во нашава држава. Но она што е добро за државата не е добро за тутунарите. За оние тутунари кои почнувајќи од сеидбата на тутунското семе до носењето на тутунскиот лист на откупните станици треба да извршат околу 50 мачни работни операции во неговото производство. За нив ни во стариот ни во овој систем не се води грижа преку една посебна тутунска политика да им се обезбеди подобро тутунско утре на овие категорија на земјоделци, односно да им се гарантира рентабилни откупни цени кои ќе ги покријат сите трошоци од производство на тутунот кооперативни односи со тутунските претпријатија според европските стандарди и земјите со напредни тутунски стопанства.

VII/1 СП/ПН

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (Продолжение)

Потоа вклучуваше на тутунот во работни места преку кои тутунарите ќе можат да ги остварат сите права од работниот однос за кој зборуваше пратеникот Јанкуловски. Враќање на една ронка од колачот што се сучи од данокот на цигарите во државниот буџет за потребите на нашите тутунари и на крајот само вака тутунарите кои се носители на примарното производство на тутунот кој со закон ќе стане добро од општ интерес на државата, можат да се борат за едно подобро утре.

Инаку, со денешните состојби во примарното производство на тутунот, ниските откупни цени, непочитување на државните заштитни цени спрема тутунот, ненавремена исплата на производството, подценување на тутунарите и натамошно оставање да бидат само полначи на Буџетот, тутунарите не само што нема да бидат такви државни добра, туку брзо и тутунот ќе го снема од нашите полиња, како што реков пред малку.

Со овие барања на тутунарите не се бараат патишта за некои големи богатства оти тутунот ако носеше богатство сите со него ќе се занимававме денеска, не се овие барања за купување на коли, станови, за одмори и патувања во странство. Се бара со тутунот да се обезбедат средства за еден пристоен живот на нашите тутунари. Тутунарите да не бидат помалку платени од чистачите на градските улици. Нивните деца што не знаат што е тоа езеро, планина, море, да не бидат голи и боси, да можат од Велигден до Велигден да се облечат и обујат со велигденски алишта и обувки. Друго, господа, тутунарите не бараат од оваа држава.

VII/2

Во изминатите самостојни години многумина заборавија што значеше тутунот за нашата национална економија, за развојот на државата и за какво такво вработување на безработното население во неговото производство. Македонските банки му го свртија грбот на ова производство, а во аграрната политика на државата изостанаа мерките за повеќе тутун и повеќе девизи од тутунот. За овие проблеми зборуваше и Наумовски и Чифлиганец. Дали со новиот закон за тутун може да се очекува подобра иднина на тутунарите? Јас мислам дека може. Со членот 4 државата презема обврска да го поттикне примарното производство на тутунот, меѓутоа, како и со какви мерки не се кажува ништо во нацртот на овој закон. Би било добро за доброто на државата и доброто на тутунарите ако преку овој закон за тутун за примарните производители на тутун да се обезбедат поволни краткорочни и долгорочни кредити за организирање на производството на тутунот, регреси за сите тутунски репроматеријали, добри заштитни цени на тутунот и на крајот вклучување на тутунот во листата на земјоделските култури за кои државата издвојува значителни средства за премии. И тутунот да има премии како што има премии сончогледот, шеќерната репка, млекото и како што имаше до сега пченицата, а од денеска нема да има.

Сметам дека неправдата што на овој план е нанесена на оваа култура на културата што на државата и носи девизи мора да биде исправена. Искуствата од земјите на тутунот да најдат место и кај нас. До кога тутунот ќе биде без премија? Ако државата се сети да го третира тутунот за добро од нејзин посебен државен интерес ќе мора да му ја додели и неговата заслужена премија.

Од новиот закон за тутун, тутунарите очекуваат нови правила во игрите со откупот и исплатата со тутунот. Очекуваат и поголема демократија на овој план. Меѓутоа, во овој нацрт закон не само што не ма такви правила и производна демократија, туку производството на тутун се враќа на некои производни регулативи од минатиот век. Несвојствени за еден систем со пазарен амбиент со слободен избор на работно место занимање и демократија да имаме такви предлози за донесување на овој нацрт-закон.

Во системот што го градиме не може да има закон со кој еден господин министер се овластува да определи реони за производство на одреден тип на тутун или да каже кој тутунџија колку тутун може да сади, односно министерот да определува каде колку тутун и колку тутун ќе сади. Министерот да каже кој колку и каде треба да произведува. што значи ова? Тој што не ќе добие дозвола од министерот не може да произведува тутун. Мислам дека вака не се работеше ни во империјата ни во Српската монархија што ја пљачкаше; Македонија повеќе од 20 години.

Овој нацрт господа министри за тутун е нацртан под раководството на бившиот министер. Денеска имаме нов министер и сметам дека нашите укажувања на овој план ќе бидат земени во предвид и наскоро ќе добиеме еден подобар закон за тутун и ги поддржувам барањата на господинот Чифлиганец и г-динот Наумовски во изработката во новиот нацрт закон за тутун да бидат вклучени повеќе пратеници од нашиот Парламент.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Наумовски бара реплика.

**СИМОН НАУМОВСКИ:**

Бидејќи почитуваниот колега Тантаров ме спомна во еден момент во негативна конотација, за економските ефекти од гаењето на тутун, сакам да образложам од проста причина што очигледно не ме сфатил или не ме слушнал во дискусијата. Наиме, прво реков дека не ги гледам економските ефекти од овој закон, оние правите, кои се очекуваат односно што ги очекуваат индивидуалните производители и преработувачите во тутунското сто- панство.

Второ, цело време зборувам за периодот на состојбите на тутунската индустрија за неколку години наназад што почнав од 1990 година наваму, а за она што г-динот Тантаров го спомна дека државата имала големи економски ефекти тоа е апсолутно точно и се согласувам со него во изминатиот период пред овој за кој зборував во мојата дискусија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ристо Марковски.

**РИСТО МАРКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ќе бидат доста краток и нема да се повторувам бидејќи мислам дека до сега имавме навистина квалитетни, содржајни и обемни дискусии во кои се опфатени речиси сите проблеми на оваа гранка од земјоделието. Сите тие ги сфаќам во функција на подобрување на нацртот на текстот на законот за тутунот односно со оглед на важноста на оваа основна гранка на

земјоделието на стратешкото значење на тутунот, да му овозможат на предлагачот во најскоро време да ни предложи предлог на закон во кој навистина на конструктивен и квалитетен начин ќе бидат вградени забелешките од оваа расправа од сите дискутанти.

Морам да кажам дека и јас како и многу други потекнувам од општина Крушево во која со генерации и традиционално најголем дел од населението се занимава со производство и обработка на тутун. Најголем дел од семејствата со макотрпна и долгогодишна работа од тутунот обезбедуваат минимум средства за егзистенција, а знаеме проблемите кои го мачат тутунопроизводителот последните години се навистина многу тешки и дестимулативно делуваат врз нивниот интерес за садење и обработка на тутун.

Не мислам да предлагам конкретни предлози и забелешки, бидејќи мислам и досега имаше доволно време и од сега има време далеку покомпетентни стручњаци и здруженија да го кажат своето мислење само апелирам овој предлог на закон што поскоро да дојде пред нас пратениците со една заложба во тој предлог на закон многу повеќе да се обрне внимание на основната карика на тутунорпоивзодството односно самиот тутунопроизводител, бидејќи мислам дека тој во овој нацрт закон е ставен во една нерамноправна положба во поглед на откупувачите на тутун и државата.

Со таква надеж јас ќе гласам и ќе го поддржам овој нацрт на закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Гледам г-динот Каров не е тука, има збор г-динот Џамбазовски.

VII/6

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани господа пратеници, многу е тешко да се извлече нешто ново да се каже по толку дискутанти за законот и од комисијата имаме извештај и мислење по овој закон и јас би сакал да го кажам моето лично мислење по нацрт законот за тутун.

Сметам дека тутунот е култура која е доста важна стратешка култура како во целокупното стопанство така и во целокупниот аграр, затоа сметам дека е многу важен закон и затоа има таков интерес за давање сугестии, за изготвување на еден подобар закон од овој Парламент.

Важноста на овој производ ја давам затоа што е култура која бара најмалку парични вложувања за нејзиното производство исклучиво ориентирано за извоз, од неа можат да се добијат финансиски девизни средства и култура која вработува голем број на работна рака.

Македонија има добри климатски и почвени услови за одгледуваше на оваа култура и затоа треба да му посветува големо внимание за да можат да се остварат подобри резултати, а со тоа подобри финансиски резултати тргнувајќи од приватните производители, преработувачите, па на крај и државата.

Државата преку законот или преку своите одлуки има преземено одредени активности кои сигурно, како што сметаа и претходните дискутанти и јас сетам дека не се доволни, а тоа е одредени поттикнувачки мерки како што е заштитната цена каде се гарантира сигурен откуп на производителот што е многу важна работа, меѓутоа, сметам дека има и други поттикнувачки мерки кои не бараат толку

финансиски средства или воопшто не бараат, а можеме да ги направиме во интерес да го унапредиме тутунопроизводството.

Министерството за земјоделие, шумарство и водостппанство сметам дека покрај овој закон треба да изготви една програма каде треба да ја вклучи и науката каде можеме да добиеме барем малку попродуктивно производство од ова што го имаме денеска. Мораме да признаеме дека тутунот е една од најтрудоинтензивните производи на РМ, а сигурен сум и тоа ќе го потврдат сигурно подобри стручњаци од мене дека тутунот може со примена на подобра технологија, техника, може да се оствари далеку поголемо производство и за единица време и по единица површина. Само тогаш ќе можеме да зборуваме за раст на производството на тутунот. се додека произведуваме со оваа технологија која денеска ја имаме, се додека произведуваме вакви сорти и типови кои ги имаме денеска, додека не направиме одредени промени таму каде што може да се направат сигурно дека ќе очекуваме опаѓање на производството, а со тоа се разбира опаѓање на приходот и во организациите почнувајќи од производителот, па се до крајниот корисник, тоа е државата преку своите даноци.

Сметам дека законот има одредени недостатоци кои треба во Предлог законот да се изменат. Лично сметам дека преголемото инволвирање на министерот во Законот не е добро. Јас и пред малку спомнав дека министерот треба да се заложи во изготвување на програми за поттикнување како подобро да се поттикне развојот, а никако во законот. Законот треба да добие поголема либералност во однос на откупот на тутунот од производителите. За разлика од претходниот закон добра работа е што може еден производител од една општина да може да го предава тутунот во друга општина, тоа е добра

работа, меѓутоа, во однос на либерализацијата на откупувачите ве мора да се направи законот полиберален да можат да се јават и други откупувачи. Не затоа што овие откупувачи односно оваа тутунска индустрија нема капацитет или не може да го откупи целокупното тутунско производство, туку за да се создаде поголема конкуренција на пазарот, бидејќи само конкуренцијата на пазарот може да ја подобри цената на тутунот.

Со еден член во законот каде кажува дека министерот ја ограничува количината на производството на тутун, сметам дека не е добро, сите претходни дискутанти зборуваа дека количините на тутунот во РМ опаѓа што е вистина дека опаѓа и уште на сето тоа му додаваме количините за производство министерот да ги ограничува. Лично сметам дека тој член не треба да постои и не треба да има никакво ограничување во однос на производството ан тутун во РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Талимџиоски.

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитуван министре, што очекувам од законот? Донесување на законот за тутун има за цел да овозможи поголемо стандардно производство на тутун по обем и квалитет со извесна ориентација. Покрај тоа тоа треба да обезбеди развој во смисла на преструктуирање на типови и сорти, реонизација, воведување на современи мерки во производството, усовршување и негова организација и стандардизација на квалитетот на меѓународните

стандарди. Во оваа смисла сакам законот за тутун треба да претставува главен генератор за сите позитивни промени што треба да настанат во Републиката. Во конкретниот случај законот за тутун треба да предвиди државни мерки и инструменти за развој во производство на тутунот. Овие мерки државата треба даги преземе со свој закон заради тоа што тутунот има свои специфичности.

Специфичностите на тутунот како производ и предмет на трговија се многу различни од другите производи со кои се наоѓаат на слободниот пазар. Тутунот се разликува од другите производи не само според неговата специфична намена, туку и поради цената и тутунот како суровина и неговиот производ како цигара е толку голема што претставува голем интерес за државата која поголемиот дел од таа разлика преку половина ја прибира во вид на данок на промет што директно влегува во буџетската каса.

Од друга страна таа голема разлика погодува тутунот да стане предмет на илегална трговија.

Изнесените факти, решавањето на многуте социјални и демографски проблеми, ангажирањето на почви кои не одговараат за производство на други култури, а такви во Републиката имаме премногу ја задолжуваат државата во сите земји, па и кај нас производството на тутунот да донесе нови мерки и да создава инструменти во економска и социјална политика и институционален третман на тутунот. Една од тие мерки е секако донесувањето на овој закон за тутун.

На денешната седница е поставен нацрт законот за тутун кој за РМ ако биде усогласен со потребите на нашата држава, а секако во иднина и

со потребите на Европската Унија ќе придонесе тутунското производство во нашата Република да се стави во рамноправна положба со тутунското стопанство во земјите производители на тутун, а посебно на членките на Европската унија. Од тука произлегуваат и задачите во овој закон да се усогласи со горното, бидејќи кај нас како што е познато тутунот претставува една од најважните земјоделски производи кои решаваат не само социјален проблем во регионот, со доминантно производство, туку и економскиот момент имајќи го предвид фактот што тутунот може да обезбеди нето девизен прилив кога е погодна технологијата и сортата од 10 илјади долари по хектар. Само овие два моменти, а да не постојат и други, укажуваат на сериозноста од донесуваше на закон за тутун, прв наш македонски закон. Од тука сите наши респекти кон субјектот да ги иницираат и учествуваат во изработката на овој нацрт закон.

Пред да дадам свои сугестии за нацртот на закон би сакал да го информирам ова Собрание дека ми беше достапен материјалот под наслов "Платформа за донесување на законот аз тутун" во која постоеше едно поглавје за институционалната регулатива на тутунот. Бидејќи помалку или повеќе претходните ценети излагачи ја изнесоа материјата дословно навистина тешко беше да се изнајде што понатаму да се искаже за тутунот, затоа токму се определив за овој дел од дискусијата.

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:(**продолжение)

Тутунот претставува специфичен земјоделски производ кој не може да се поистовети со другите производи на пазарот. Големата разлика што се јавува меѓу цената на тутунот како суровина и цигарата како готов производ е од извонредно значеше за државата. Но, токму поради тоа тутунот може да биде производ од посебен интерес за илегална трговија. Покрај тоа тутунот е од битно социјално значење.

Скоро во сите земји производителите на тутун, тутунското стопанство по правило е добро организирано во настапот пред државата и заедно со неа пред другите партнери.

Институционалната регулатива со која се поддржува една добра организација на тутунското стопанство ја сочинуваат законите и мерките на економската политика кои ги донесува , спроведува и контролира државата, а кои овозможуваат стандарден обем и квалитет на тутун, стандардна положба и услови за нивно зголемување. Без разлика дали во тутунското стопанство преовладува монополска организираност, мултинационални компании или индивидуални фирми, секоја од земјите производители на тутун презема мерки на поткрепа на тутунското производство. Така на пример Грција, Турција, САД и во други земји утврдени се откупни цени кои се значително повисоки за исти тип на тутун од продажните цени на светскиот пазар. Особено темелно организиран облик на поддршка на тутунското производство постои во земјите на европската унија. Во заедницата се утврдуваат субвенции за одредени типови на тутун, а покрај тоа секоја земја посебно има свои дополнителни стимулации. Тие субвенции се во вид на премија која пристигнува дури до 7 0% од производствената цена на тутунот и се зависни од тековните трошоци на производителите и состојбите од

продажбата. Така само од Фондот на аграрниот буџет на Европската унија во 1991 година за тутунот се потрошени околу 1,5 милиони долари, односно 3,6 долари ,за еден килограм.

Со воведувањето на премии се одржува и зголемува производството на тутун, а тутунот во обработката влегува со пониска цена со што се намалуваат сите трошоци што произлегуваат од влезната цена: камати, кало итн. Само на таков начин државната премија што не влегува во цената на готовиот производ се мисли на ферментираниот тутун, може да се обезбеди тутунот да биде конкурентен на меѓународниот пазар.

Во залагањето на дефинираше на политиката на цени во областа на тутунот кај нас мораме да поаѓаме од состојбите на производството на Република Македонија и значењето што таа го има за целата наша држава како и од неговото значење како фактор на санирање на можностите, социјално-економските тензии како и стабилизационен фактор при донесувањето независен, подинамичен развој на целокупното наше стопанство.

Посебно внимание државата треба да посвети на објективното утврдување на заштитните откупни цени на тутунот. Тоа бара неопходно да се утврдат вредностите во структурата што ја сочинуваат оваа цена. Понатаму треба да се дефинира дали гарантираната цена ќе биде егзистенционална да ги покрива само трошоците,потреби за тоа време, или просперитативен развој што ќе овозможи стабилизирање на производството и неговиот понатамошен развој од оптимален обем што е во согласност со можностите на пазарот.

Во определување на политиката на цени посебен проблем е воспоставувањето на паритет меѓу одделни земјоделски производи. Слаба страна на методата на паритет е што се базира на минати трошоци и фактори на производство, а што споро ги идентификува и инкорпорира постигнатите агротехнички интервенции во производството

на одредени култури. Заради тоа воспоставувањето на паритет кај тутунот е важна работа во споредба со други земјоделски производи, но само во однос на претходно утврдените цени. Сегашната заштитна цена на тутунот се утврдува на база на износ на пазарна цена, а во светот таквите цени се утврдуваат малку повисоко, дури и над 70% од пазарните цени. Покрај тоа од значење е и навременото донесување на вкупните цени, што беше веќе искажано во почетокот на годината, бидејќи во спротивно се намалува бројот на заинтересираните тутунопроизводители.

Примарното производство на тутун е дел од вкупната репроцелина на тутунското стопанство и врз него се заснива целиот репродукционен циклус во кој земаат учество обработката на тутунот, прометот, цигарите а воедно и државата. Примарното производство ја остварува основната вредност во понатамошната обработка и преработка создава нови вредности. Затоа во сите организирани општества примарното производство на тутун е посебно негувано, одржувано со посебни субвенции и заштитни мерки. Без изградена стратегија кон оваа производство, од аспект на поддршка и заштита во услови кога нашата земја ги има сите атрибути на независна самостојна држава воопшто не е можно стабилизирање ниту развој на производството.

Стимулациите во услови на пазарно стопанисување треба да се организираат во системот на репродукциони целини, што го чинат споменатите субјекти: обработка, фабрикација итн. Затоа ценам, од она што веќе го имаме испуштено што го реков и претходно, внесување на институционална регулатива. Институционалната регулатива спаѓа во надлежност на Владата на РМ. Таа ја определува заштитната откупна цена преку одреден паритет.

Премијата на откупот на тутун, регресите, каматите на кредитите за производство и обработка со подготовка на тутунот за извоз, извозните

субвенции како заштитните и фискалните мерки. Без постоење на член во законот за тутун, донесувањето на истиот би станал беспредметен. Законот за тутун, всушност треба на тутунот да му даде третман од системски карактер што му одговара на неговата важност за Републиката, а во иднина што ќе одговара на законите и концепциите на европската унија во која Република Македонија ќе биде застапена рамноправно во заедничкиот пазар на тутун.

Пред мене ги имам и предлозите и забелешките во однос на Законот за тутун, но ценам еден од најважните е токму она што произлегуваше од институционалната регулатива што сега ги искажав. Сите овие предлози и мислења, секако почнувајќи од член 4 за кој доста од колегите, доста пластично кажаа. Јас видов , некаде и моите забелешки се тука, почнувајќи од производството на тутунот во член 10,12, 13, потоа за откупот и обработката на тутун, почнувајќи од член 15, 16,19,20 и 25 и на крај да спомнам членовите 40,45 и 46, благовремено се доставени до Министерството за земјоделие, бидејќи министерот е тука, ценам дека ќе ги има предвид.

На крај ценам уште еден член , а тоа беше член 29 се носи заради навремено запознавање на тутунопроизводителите со условите и содржината на текстот на договорите. Ние предлагаме нов член 22-а кој да гласи:"Условите за производство на тутун содржани во текстот на Договорот, договорно ги определуваат откупувачите и здруженијата на тутунопроизводителите се можност за усогласување меѓу сите откупувачи и здруженија. Секако дека ова си има свое место, бидејќи и здруженијата на тутунопроизводителите имаат задачи кои вршат осигурување на индивидуалниот тутунопроизводител, а секако дека треба да биде во врска со самиот закон за тутун. Ценам дека сите овие мислења и предлози ќе бидат предмет на разгледување и усвојување и ценам дека ваквиот закон за тутун ќе биде добар и јас го поддржувам.

VIII/5 . -

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Дами и господа пратеници, господине претседателе, бидејќи беше искажано доста во врска со овој закон кој е многу важен за Република Македонија, да кажам дека важноста на овој закон произлегува од причините што голем дел од нашите граѓани се занимаваат со оваа индустриска култура.

Кога кажувам голем дел , можам да кажам скоро една четвртина од жителите на РМ се занимаваат со оваа земјоделска култура.

Бидејќи овој закон ги регулира односите меѓу производителите и претпријатијата кои извршуваат откуп на оваа култура, работите што ги регулира овој закон досега не беа толку големи пречки за лошата положба на тутунопроизводителите. Бидејќи суштината на законот е направене врз основа на некои рамки кои досега, уште еднаш повторувам не ги тангираше интересите на производителите: договори, сорти на тутун, итн., кои треба да се култивираат по одредени региони и некои други работи. Со овие проблеми производителите не беа оштетени, а што се однесува до суштината на проблемот во врска со оваа земјоделска култура ми се чини дека во закон воопшто не го регулира. Тоа, поготово кога се однесува позиција на оваа индустриска култура во нашата земја, ние знаеме дека во последно време, во овие три години положбата на производителите е толку лоша, што произлегува од многу причини, поготово кога е во прашање цената на тутунот. Како може 1000кгр. тутун во овие услови да чинат само 1000ДМ. Дали може едно семејство со толку пари да ја осигура својата егзистенција, а знаеме за производство на 1000кгр. тутун, колкав труд треба да се вложи и кое семејство со колку членови може такви резултати во овој вид на култура да постигне. Ми се чини дека експертите при ресорното Министерство ги знаат овие работи. Од овие причини токму јас од овој закон не очекувам многу, но Владата беше

често пати заинтересирана за стопанство во нашата земја, а како дел од стопанство, ми се чини дека голема улога игра во ова стопанство и оваа култура. Владата порано исто така како што се занимавала со некои фирми кои во производството забележуваат загуби, имаме изгласано таков закон во овој Парламент, би требало и за оваа земјоделска култура да донесе една програма, така да се заштити интересот на производителите. Инаку, со овој закон ништо не може да се заштити. Јас тука не гледам некоја перспектива на производителите, а ние знаеме дека РМ има историска традиција по квалитетот на производство на оваа култура, и како таква во државата мислам зазема едно заслужено место не само на Балканот, туку и пошироко.

Ние знаеме дека квалитетот на нашата земја не одговара за друга култура. Ние имаме односно нашите климатски услови одговараат за оваа култура. Ако направиме некоја грешка, а гледам дека се оди кон тоа, да знаете дека еден ден ќе останеме без ниеден производител, а за РМ тоа ќе значи огромна штета.

Исто така, јас би предложил како конкретен излез од сегашната криза за тутунопроизводителите, Владата покрај овој закон, да донесе и една програма, која програма во себе би носела некои параметри кои се во интерес на земјоделците, односно производителите. Инаку ние знаеме каква улога играше оваа култура кај нас во Титова Југославија. Ние знаеме дека со оваа култура Титова Југославија еден дел од светскиот пазар го експлоатираше. Тоа треба да се направи бидејќи РМ знаеме има огромни проблеми со стопанството и бидејќи ние сега сме земја во транзиција, стартуваме од нула, знаеме какво е индустриското производство кај нас, затоа оваа култура треба да се зачува со овие параметри, со една посебна програма, а тоа треба да го направи

Владата и така заедно со овој закон да се направи нешто што е најповолно за нашите услови и што е во интерес на нашите производители. Инаку, ако само од овој закон очекуваме нешто, јас сум скептик во овој поглед и овој закон ги регулира токму тие работи што производителите не биле оштетени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Ристо Трајковски.

**РИСТО ТРАЈКОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, лично јас, односно тутунопроизводителите би биле најсреќни ако во сила биде стариот закон за тутун. Ова го велам од причина, што, додека важеше стариот закон за тутун тутунопроизводителите и не знаеја дали постои оваков закон. Не знаеја од причина што производството во тие моменти се класираше слободно на бившите Ју -пазари и се постигнуваше соодветна цена на вложениот сопствен труд. Светот беше отворен за овој производ што значеше добро живеење на тутунопроизводители.

Сегашната состојба со пласманот на готовиот тутунопроизвод е таква каква што е, односно светот се затвора со кампањите за забрана на пушењето. Дури, се оди до таму и во програмите за избори во поодделни држави на кандидати за претседатели токму се насочени на тој дел - забрана за пушење. Еве, од тие причини, за мене сегашниот нацрт на закон за тутун не претставува решавање на проблемите во тутунопроизводството.

Ќе се решат проблемите ако се создадат услови и ако се создадат такви услови какви што ги потенцираше колегата Саде Џамбазов да се даде еден стимул, односно дали преку субвенции, дали преку регреси, да се создадат услови за заживување на ова производство. Еден ден нашите тутунопроизводители да живеат добро од оваа реколта.

По членови, се кажа доста, не би кажал ништо за тоа, би кажал само во делот на казнените одредби, никој тоа не го спомна, во членот 47 точката 1 и 2 каде што вели "со парична казна од една петина до една половина плата ќе се казни со прекршок физичко лице кое произлегува

тутун од типови и сорти"и под точка 2 "не го продаде производството тутун на откупувачот". Предлагам за тутунопроизводителите да нема казни од едноставна причина што доволно во овие 5-6 години беа казнети и сега, а ко се предвидуваат казни во овој закон, мислам дека неправдата кон овие луѓе ќе биде многу голема.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Ајдарага има збор.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Многу од оние што дискутираа досега ги кажаа сите оние забелешки по однос на предложениот нацрт на законот за тутун и не би сакал да ги повторувам.ќе изнесам само некои работи што не беа кажани тука. Така што забелешките што ги имав по однос на овој Нацрт што беа изнесени јас ќе ги преминам, така што ќе зборувам само за прашањата што не се наведени, според мене, во дискусиите.

Она што сакав тука да го кажам е прашањето по однос на тутунопроизводството. Доста беше кажано за значењето. Знам, а и сите, дури тука можам да позавидам на некои пратеници кои на почетокот зборуваа, иако не се стручњаци по таа струка, посебно г-динот Чифлиганец, тој изнесе една многу убава дискусија по однос на ова прашање. Би било лошо да се спомнуваат други работи кога така убави податоци се изнесоа, такви убави дискусии по однос на тутуновото производство. Јас ќе кажам само едно нешто по однос на ова прашање. Мислам дека тоа беше испуштено.

Се работи за прашањето на пазарот што го има тутунопроизводството, односно значењето на пазарот што го има, пазарот во функција на тутуновото производство. Тука треба да биде главно ориентирани напори на Владата, посебно на Министерството за

IX/3.-

земјоделие и на другите министерства. Мислам дека ние сме добри и познати производители на тутун. Меѓутоа, по она што се случува овие години, последниве години тука, во нашата Република, произлегува дека сме лоши продавачи на тутунот. Ако не беше така, зошто не се случуваат овие работи со откупот на тутунот. Токму од тие причини. Заради тоа што слабо знаеме да продаваме, слаб маркетинг имаме и покрај тоа што имаме организации што се на завидна висина организирани. Тоа се Македонија табак, "Југотутун" сега не ги слушам во последно време, меѓутоа по се изгледа дека тоа е слабата точка. Може би е и оправдано да биде слаба точка поради тоа што општите состојби се такви.

Мое основно залагање би било да ги замолам г-дите од Владата секогаш прашањето на обезбедување на пазар, како за тутунот, така и за сите други производи што ги обезбедуваме, да посветат посебно внимание. Мислам дека тоа е прашање со кое што повеќе се занимаваат бизнисмените. Сосема исправно, меѓутоа со прашањето на обезбедување на пазар се бават и најголемите министри. Тоа ни е познато во светот. Дури и Бил Клинтон кога посетува некоја земја се бави со таа проблематика. Може би не да продаде тутун, но сигурно се бави со друга проблематика, да продава оружје. Но, тоа се прашања на тие влади и држави.

Ние треба на ова да посветиме внимание. Единствено така тутунопроизводството ќе го најде своето место.

Сум кажал и порано, ќе повторам, прашањето на тутунопроизводството од аспект на вработување работна сила е многу, многу битно за нашата земја. Ние сме земја што го доживува, го преживува процесот на транзиција, меѓутоа ги доживуваме и сите овие проблеми што наидоа со вработувањето. Ќе повторам, со сосема мали издатоци, со една правилна земјоделска, економска аграрна политика ќе можеме да придонесеме дел од тие притисоци што се прават во однос на вработувањето да ги надминеме. Тука, кажав еднаш порано, треба малку памет.

IX/4.-

Има некои земји кои го решиле тој проблем. Тоа Италија го има многу убаво решено. Наши луѓе одат, работат во Италија на тутунот. Ако тие имаат сметка да земаат наши луѓе, да ги платат скромно и тие да заработат по 1000 марки месечно, да носат дома по илјада марки месечно, значи некаде ја нашле рачуницата. Јас не знам наш земјоделец кој се занимава со тутунопроизводство да може да одвои илјада марки месечно за секој вработен, јас ќе му честитам па дури ќе го предложам за некоја од наградите што ги има распишано Република Македонија да може да ја добие таа награда.

Велам, повторувам, пак прашањето на пазарот. За сите производи, посебно за тутунот. Мислам дека тука треба да чиниме напори да најдеме. Сигурно дека пазарот не се регулира само со нашиот настап. Сигурно на пазарот треба да одиме придружени со други мерки од економската политика. Тоа се регреси, премии, тие работи мора да бидат. Нема земја во светот што не вложува во земјоделието. Нема земја во светот. Според тоа, мора така да биде и на тој начин, насекаде има прелевање на доходот. Насекаде, во било која аграрна земја. Или неаграрна. Има прелевање. Тоа ќе мора ние, како политика, да ја имаме и да ја реализираме. Единствено така ќе можеме да имаме, ако сакаме. Ако не сакаме, ако најдеме некој друг пат па луѓето кои бараат работа да ги тераме во странство, такви прилики изгледа немаме, се затвораат патиштата, тогаш мора овака, на овој начин да најдеме модуси како тоа да го надминеме.

Сега, за она што е речено во законот. Членот 3, тутунот како вид на индустриско растение е добро од општ интерес за Републиката. Кажуваме дека е добро од општ интерес, меѓутоа не кажуваме ништо како тоа ќе го направиме. Мислам дека имаше доста дискусии на тој план и треба да направиме се ако е добро од општ интерес да го третираме како добро од општ интерес.

Во членот 9, мала забелешка, ставот 2 на членот 3 вели "Производителите на тутун се должни тутунското семе од определените сорти за определени региони, реони, да го набавуваат исклучиво од овластен производител за тутунско семе". Јас би додал" и односно дистрибутер", бидејќи може да се случи, а тоа на тутунопроизводителите им е познато дека во одредени моменти не сме во состојба да обезбедиме одредено семе, тоа може да го чини одреден овластен дистрибутер.

Во член 16, тука имам доста забелешки, кажани беа, мислам дека тие работи треба да се квантифицираат не би ги повторувал. Сите работи што се кажани во членот 16, имам впечаток дека се избегнува тоа да се реши преку министерот, како што е речено, министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство ги пропишува поблиску условите. Може би е добро, можеби и не е добро. Може би е подобро да биде речено во законот а не да остане право на министерот со друг пропис да го регулира. Мислам дека ќе се избегне, се кажа, имаше доста разговори дека субјективизмот може да се избегне ако е тоа речено. Сигурно дека тука ќе треба да водиме сметка, ние имаме субјекти изградени субјекти, современи субјекти што се занимаваат особено со преработка. Сигурно дека треба да водиме сметка, особено кога е во прашање приватизација на тие објекти и субјекти, затоа што тука се вложени средства на граѓаните на Републиката. Тие, многу често, објекти, остануваат и средствата се губат. Тоа ни е познато. И во многу други области имаме такви случаи. Но, бидејќи станува збор за земјоделието, за тутунот, треба да водиме сметка за таа работа. Не смееме да дозволиме средства што се вложени да пропаѓаат.

Имаме случај во Дебар. Сишилницата за тутун не се користи. Своевремено, Дебар како подрачје кое е многу мало во Републиката познато по тутуновото производство даваше до 300 тони сув тутун во лист. Денеска не обезбедува ни 30 тони заради тоа што не функционира

таа сушилница за тутун. Ако добро се организира можат и луѓето да најдат вработувасње, да не одат во Италија, да останат со 300 проблеми таму, се добива - не се добива виза итн., можат да останат, меѓутоа треба да водиме сметка добро да се организираме, овие претпријатија добро да ги организираме и тоа добро да функционира.

Посебно е прашањето регулирано со членот 17. Вели "откупот на тутунот произведен во тековната година завршува најдоцна до 31 март наредната година." Многу убаво, меѓутоа, како ни се состојбите откупот може да заврши, но плаќањето на тутунот, познато. Ден денеска производителите во Дебар произведоа тутун, во зелен го дадоа, дел се исуши во сушилницата во Охрид, меѓутоа и ден денес ниту пара немаат земено. Ниту ден, да кажам.

Што се случува со тоа? Ако е од општ интерес треба да водиме сметка и за таа работа .А, слободно велиме дека е од општ интерес.

Се спомнуваат здруженија на тутунопроизводителите. Низ законот на неколку места. Никаде не е речено дека тутунопроизводителите можат да се здружуваат, никаде не е речено во законот. Мислам дека треба да стои одредба дека се здружуваат или може да се здружуваат,иако со посебен закон тоа е речено дека можат, меѓутоа, ако овде се спомнуваат, тогаш треба да бидат институт на овој закон, па тогаш треба да има една одредба и за таа работа.

Долго размислував дали да поставам прашање, сепак ќе поставам по однос на член 26, извоз на неферментиран тутун. Ако сме организирани вака како што сме организирани, мислам дека не држи да не се продава. јас сум за тоа да се продаде се што може да се продаде, а да се организираме, ако можеме да продаваме само ферментиран тутун. Меѓутоа, вака како што сме, не сме организирани така и спроед тоа би било лошо да се забрани.

IX/7.-

По однос на член 40, прашање на раскинување и со 37 до 40 се прашања регулирани што треба да содржи договорот. Не сум за тоа договорот да може да биде еднострано раскинат. Било од страна на производителот, било од страна на откупувачот. Се противам на таквата работа затоа што мислам дека тоа не е во ред. Ниту за едниот ниту за другиот. Ќе има изигрувања и од една и од друга страна. Според тоа, може да биде само по сила на закон или виша сила, што не е ставено тука. Тоа е веќе друго прашање. Но, на овој начин, не се согласувам.

Како што не се согласувам во членот 40, вели "Откупувачот може еднострано да го раскине договорот во следниве случаи: ако не бидат засадени повеќе од половината договорени површини". Зошто? ако тој склучил договор нека одговара за разликата, но зошто да го раскине договорот за овој дел што го засадил? Што има причина?

Тоа се прашања што треба да се регулираат.

Сега, по прашањето на надзорот имам една забелешка, тука нема двостепеност. Се вели надзор на над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на нив го врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а инспекцискиот надзор врши републичкиот инспекторат за земјоделие и шумарство. Тоа е како што велиме ние истиот врши едно и друго. Мислам дека треба да има двостепеност по однос на тоа прашање или пак прв степен ќе биде само инспекторот, а во втор степен да биде Владата. Како што е по многу други случаи.

Тоа е што сакав да го кажам, Благодарам на вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Наќе Стојановски.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро, јас ќе се обидам само на кратко она што мислам дека е суштина на Нацртот на законот и има потреба да се каже. Многу дискутираа.

Кога поранешниот состав на ова Собрание некаде во ноември 1993 година се определи за потребата. од донесување на нов закон за тутун, беше убедителниот пристап на предлагачот во тоа време, исто Министерството преку Владата на Република Македонија и тоа од две причини:

Првата убедителна причина беше дека односите во тутунското производство и вкупно во таа сфера, од примарното до продажбата треба да се регулираат нормативно со новите услови на пазарно стопанисување во Република Македонија.

Втората причина беше распадот на пазарниот простор за тутунот во поранешна СФРЈ и условите за производство и продажба на тутун на помал економски простор на самостојна Република Македонија под едни услови и на странските пазари под други услови.

Таквите елаборации практично беа доволни со коинцидирањето на решенијата што беа предложени во Предлогот за донесување на закон, кон, морам да кажам дека беа далеку полиберални од она што го имаме денеска во Нацртот на законот за тутун и решенијата што се содржани.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Кои се причините после две цели години и три месеци доаѓа нацртот после предлогот е посебна приказна, веројатно позната на предлагачите, кои ние пратениците можеме само да ја наслутуваме. По мене лично сметам дека таквиот нацрт, предлог за донесување на закон, во тоа време и дискусиите што се водеа во овој Парламент предизвикаа неспокојство кај одредени субјекти во РМ кои се занимаваа во сферата со производството, обработката и така натаму и кои во еден момент помислија дека нивните монополски позиции се загрозени и дека евентуално со нова таква регулатива ќе бидат приморани, пред се, да се преиспитаат самите себе и ќе мораат на некој начин својата положба да ја усогласат евентуално и со нови субјекти во РМ што би се јавиле на просторот за стопанисување и на пазарот.

Лично сметам дека и предлагачот, а искажано овде и во образложението дека ги почитувал и таквите изразувања на тие субјекти изразени преку Стопанската комора на РМ и дека и премногу ги почитувал нив за разлика за сметка на искажувањата и барањата кои беа овде изнесени од пратениците во тој состав. И денес сме сведоци дека добар дел од пратеничкиот состав кој што дискутираше по Нацрт на законот декларативно пак акцентот го ставаше на таа сфера каде што се бара се поголем простор за пазарно регулирање на односите во таа сфера во тутунското стопанство.

Лично сметам дека предлагачот ќе треба да направи поголеми напори, далеку поголеми напори за да ја доведе таа ситуација во сооднос со барањата кои се изнесени во овој Парламент за да можеме да го донесеме тој закон во последната фаза. Инаку мислам дека и не ќе има потреба да се носи нов закон ако е предложен во форма во ваква

како што го имаме во Нацртот. Јас сега нема во детали да образлагам што Нацртот на законот за тутун денес го прави таков како што јас го карактеризирам овде, затоа што нема ни простор ни време и мислам дека беше доволно елабориран, само сакам да кажам дека одредени поглавја што се овде може да се поделат на три, условно, сегменти.

Првиот сегмент, исклучивото, забраната на основите тутунопроизводители што тие не смеат да прават.

Вториот сегмент е заштита на постојниот стопански инструментариум што се занимава со оваа област каде што исклучиво нивна заштита, постојна што е.

И, третиот инструментариум е, дефинирање на договорот помеѓу субјектите од примарното производство и од купувачите, голем број на одредби односно низ голем број на одредби од 50% од членовите како тие треба да се договорат, знаејќи притоа дека договорниот однос почива исклучиво на слободна диспозиција на странките кои што се договараат и веројатно ако тие најдат соодветни интереси таков договор и ќе склучат. Никакви потребни законски ограничувања не се потребни да се донесуваат со закон, да се дефинираат договорите кои треба да ги регулираат основните производители со откупувачите.

Оттаму сметам дека и регулативата која во овој Нацрт - закон на некој начин ја препушта дури на 12 места по број наредено дека министерот за земјоделие ќе донесе дополнителни подзаконски акти, било тоа правилници, наредби, уредби и тн., каде дополнително ќе се регулираат некои начелни услови што се овде регулирани, а најчесто тие се ограничувачки за слободната иницијатива на пазарот, внесува опасност дека ќе донесеме закон кој ќе ги запостави постојните односи и во крајна линија што ќе резултира со намалено производство и

тенденција која постои последниве години што ќе има штета и индивидуалниот производител и субјектите кои се занимаваат во понатамошната преработка во индустриското производство и фабрикацијата, а исто така и државата бидејќи има сопствен интерес како што беше овде искажано од многу дискутанти.

Основното тежиште мислам дека треба да се даде во регулирање на односите и слободната иницијатива на самите производители во примарното производство од каде нужно понатаму ќе се регулираат сите односи, ќе произлезат интереси, економски и профитабилни за сите други субјекти кои што се занимаваат со оваа област во државата, а исто и државата.

Уште еднаш препорачувам дека Министерството за земјоделие и Владата, јас бев на мислење дури дека треба да го повлече и овој закон затоа што е нонсенс од она што е дискутирано и овие стенограми што се водеа на тие седници воопшто не се погледнати и што се барало ниту во самото образложение во законот се дискутираат забелешките од пратениците кои беа дадени во таа фаза, а напротив се нагласуваат барањата на другите стопански субјекти што ги искажале преку Стопанската комора и понатаму што мислам дека и не треба да бидат присутни во образложението на овој закон. Јас се надевам дека предлагачот ќе ги разбере ваквите барања како нужна потреба, инаку мислам дека нема потреба од донесување нов закон затоа што постојниот закон е далеку подобар, покостенлив во смисла на тоа што ги регулира односите во тутунското производство од овој што сега го имаме.

Благодарам.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,со оглед на тоа дека денес имавме навистина богата расправа по повод Нацртот на законот за тутун, сеопфатните исцрпни дискусии на колегите пратеници, а поточно дискусијата на господинот Наќе Стојановски, јас ќе ви одземам многу, многу малку време. Имено, сакам да дадам целосна поддршка на размислувањата и оценките околу состојбата во оваа гранка на тутуновото стопанство во сите делови и на предлозите и размислувањата околу излезот односно решенијата за излез од состојбата во која се наоѓа оваа гранка.

Самиот факт дека оваа држава се определува да донесе закон за една индустриска култура покажува дека тутунот е стратешка култура и дека државата има определен интерес за оваа култура. Ако е тоа така тогаш Нацрт-законот не кореспондира со интересот на државата и интересот на производителите. Мислам дека има многу недостатоци и има работи кои се непотребни во законот. Имено, сакам да кажам дека законот многу се пушта во регулирање на договорните односи помеѓу купувачот и производителите, што е во крајна линија диспозиционо право на двете странки, а не предмет на регулирање на тие односи со закон. Ова наместо на три страни веројатно можело да се реши со две реченици и да биде законот во функција, да ја има својата функција.

Донесувањето на овој закон, според мене, се разбира и според она се што го слушнавме денеска има за цел да го поттикне, да го стимулира примарното производство пред се, заради интересот на државата и како производ од кој се добива секоја година значителни девизни средства од извозот на суров тутун и како производ кој државата преку цигарите добива значителни средства преку акцизите и исто така како производ кој

државата има интерес да го стимулира и да му даде материјална поддршка заради врзаноста на огромен број на граѓани во оваа држава за тутунот како единствено средство за егзистенција.

Заради тоа, да не должам многу, бидејќи ви ветив дека ќе бидам краток, на законот меѓу другите работи кои што беа кажани му недостасува тоа што државата треба да каже со што ќе застане како стимул на примарното производство. Имено дали тоа ќе биде премија, тоа прашање треба со законот да се регулира, а помалку да се пушта во меѓусебните договарања.

Исто така, новина треба да претрпи и делот на откупот. Мислам дека овој начин на откуп на тутун е толку застарен што времето го има едноставно прегазено и треба да се поучиме на примерите од комшиските земји како и на кој начин ќе може поефикасно да се откупува тутунот и во исто време целосна поддршка давам на размислувањето на господинот Стојановски околу разбивањето на монополскиот однос. Тутунот треба и мора да биде во режим, но внатре во Републиката поголем број претпријатија односно на поголем број претпријатија да им се даде шанса со што ќе се создаде на определен начин конкуренција, квалитетна конкуренција при проценувањето и откупот на тутунот. Со тоа државата ќе симне од себе еден поголем проблем кој досега ни се провлекуваше последниве години. Ако Владата донесе одлука заштитна цена од да кажеме од 80 денари, откупната просечна цена е цена на пазарот беше некаде околу 55 или 60 денари, или се појавуваше недостаток практично од заштитната цена до просечната откупна цена некаде околу 2 0 денари кои средства практично никој не ги покриваше односно Владата интервентно ги покриваше последниве две години што мислам дека не е добро на тој начин да се стимулира.

Тутунот треба да поприми малку повеќе примеса на пазар а тоа што државата како поддршка и стимул на примарното производство ќе го дава да биде посебен дел да не го врзуваат откупувачите со тоа што ние толку даваме а државата толку па ќе се компензира.

Во оваа насока се моите размислувања, Законот е во Нацрт, ова е морам да кажам и тоа дека е еден од послабите текстови на закони кои ги има добиено ова Собрание. Се надевам дека Владата и Министерството ќе го имаат предвид сето ова што беше денес кажано и при оценувањето на потребата од донесувањето на овој закон и многу брзо, без да чекаме уште три години ќе ни достави предлог на закон кој овде заеднички ќе го дотераме и ќе биде во функција на подобрување на условите на примарното производство.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, овој Парламент донесе закон за забрана на пушењето, на некој начин ги погоди тутунопрозводителите но корисно е по здравјето. Овој пат носиме закон за зачувување на производството на тутун, корисен за државата, а колку ќе биде корисен за тутунопроизводителите, тоа ќе зависи пред се, од пазарот и мерките кои ќе ги донесе Владата во понатамошниот текст.

Сакам да кажам конкретно за неколку работи за овој закон кој беше спомнат пред малку дека во собраниска процедура е од 1993 година значи пред година ипол. Конкретно гледајќи го теркот на законот во општите одредби јасно се укажува дека е поделен на три дела и тоа производството, откупот и обработката. Сум на мислење да и понатамошниот дел се воведе посебен оддел каде што се регулира обработката на тутунот бидејќи тоа не е одделено.

Втора работа што овде најмалку во Парламентот се спомнува, а тоа е делот на договарањето и сведоци сме дека Македонија е земја каде елементарните непогоди, сушите,поплавите се чести појави и мислам дека во договорите, во одделите за договорите и вакви одредби треба да бидат на некој начин регулирани.

Ќе завршам со реченицата за тоа колку е тешко и макотрпно одгледувањето што го опеал Коста Рацин во "Тутунберачите", а за тоа каква ќе биде неговата иднина ќе одлучиме ние со нашите закони.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Дами и господа, би сакал да дадам неколку мои забелешки и видувања по доставениот Нацрт-закон за тутун. Бидејќи со овој закон се уредува организираното производство, откуп и обработка на тутун, на суровиот тутун во лист, во одредбите на Нацрт-законот е кажано дека тоа е добро и од општ интерес за Републиката и значајна стратешка култура, мислам дека би требало попрецизно да се регулира и да се уреди како Републиката ќе го поттикнува производството на тутун, поблиску да го уреди тоа прашање во региони и реони во кој постојат природни услови за производство на тутун.

Дали поттикнувањето ќе значи само утврдување на заштитната цена на тутунот под која не ќе може да се организира откупот на тутун, и дали ќе се остане на онаа определба во која се регулира веќе во Нацрт на законот откупот на тутун дека ќе се сведе и ќе се смета само преземањето и проценката на суровиот тутун во лист.

Во делот кој го регулира производството на тутун сметам дека не би требало да се ограничуваат производителите на тутун во набавката на тутунското семе од определени сорти за одредени региони и реони.

Понатаму, ако може да се прифати поблиското определуваше на производните региони како и типови односно сорти на тутун за тие реони зошто би требало да се Пропишуваат и поблиску да се определуваат и количините на тутун во таквите реони.

Во делот на Нацрт на законот кој го третира откупот и обработката на тутунот се дава и добро е што се дава една ширина на она што значи откупувачи и правни лица кои може да се јават како откупувачи за вршење на дејност, откуп и обработка на тутун, но ќе треба во наредната фаза на Законот поблиску да се запознаеме и поблиску да се објасни пропишувањето на поблиските услови за начинот и условите за издавање на лиценца.

**ЗШ^Н КАРОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Бидејќи тешко во едни вакви услови на стопанисување на постојните откупувачи и преработувани на тутун, каде нивното работење е оптоварено со такви кредити и кредитни задолженија од претходните реколти и се на работ на отворање на стечајни постапки, тешко дека би можеле да се исполнат едни услови за добивање на лиценца, посебно за оние за кои се бара бонитет за обезбеден потребен износ на финансиски средства, било да се тоа сопствени или банкарски, за авансирање на планираниот откуп на тутун во лист со склучените договори со производителите од реколтата на тековната година, како и обезбедување на финансиски средства за набавка на семе и заштита на расад од болестите. Тоа го предвидува еден од членовите на Нацртот на законот. Што тоа практично би значело? Тоа практично би значело во едни вакви услови целосно ставање на располагање на постојниот соодветен простор за квалитетно сместување, чување и обработка на суровиот тутун, на други правни лица кои можат да ги исполнат дел од овие услови, а поголем број од постојните преработувачки капацитети би се претвориле во обични откупни пунктови за потребите на два до три центри во Републиката и тоа со обезбедување оној минимален број на потребни, стручни лица за производство, откуп, процена и обработка на тој тутун. А постојниот број на вработени во постојните капацитети преработувачки би се нашле на листата во Заводот за вработување. Дали постојните капацитети за откуп и обработка на тутунот оптоварени со проблемите за вршење на дејноста во претходните години треба да ги ставиме и да ги сведеме на едно вакво ниво. Впрочем и одредбите на член 25 од Нацрт-законот укажуваат на тоа ако откупувачот падне под стечај или ликвидација, поради што не може да го откупи договореното количество на тутун од тековната годишна реколта, производителот тоа може да го стори и да го понуди на друг купувач.

Дами и господа, доколку државата кажала дека тутунот е добро од општ интерес и дека е значајна и стратешка култура во целост да ја преземе обврската за исплата„.на тутунот по цена која таа ја утврдува, навремено и во целина, во интерес на тутунопроизводителите, а регулирањето на односите за плаќање да го регулира со основните преработувачки капацитети во интерес и за интерес за оние кои тоа треба да го обработат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господин Котевски.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Господине претседател, драги пратеници јас ќе бидам краток, со оглед на тоа што претходните дискутанти доста се искажаа. Со оглед на тоа што производството на тутун претставува основна гранка на земјоделството, која што над 200 илјади жители се занимаваат со производство на тутун, односно егзистираат.

Потреба за донесување на Нацрт-закон за тутун и те како е потребно пошироко и за самата држава. Со овој нацрт-закон се регулираат односите и самото производство, откупот од обработката на тутун, а најважното е тоа што ќе се обезбеди економски ефект од оваа култура коза на одреден начин претставува стратешка култура за Република Македонија.

По однос на Нацртот на законот за тутун јас посебно ќе се задржам само на три члена, член 11, член 20 и член 32.

Во член 11 каде што Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се наведува дека посебно треба да обрне внимание за регионирањето по реони за сортите на тутун, како и минатогодишното

поланско производство во секоја календарска година, исто така, и количините на производи. Мислам дека тука претходните дискутанти кажаа, покрај ова во овој член што Министерството ја има таа обврска, меѓутоа треба поголема либерализација во смисла на сортите по реони, односно покрај Министерството за земјоделство, водостопанство и шумарство да се вклучат и другите научни институции кои ќе придонесат по однос за квалитетот, посебно по реоните кои што се така која сорта на кое место успева.

Во член 20 предлагам да при проценката на тутун покрај производителот на тутун во секоја комисија дадено е во членот дека и претставникот на откупувачот, исто така и претставници на Здружението на тутунарите во секоја една комисија има член и од подрачното Министерство за земјоделство. Ја сметам дека во секој град во Републиката има доста вработени во подрачните министерства некаде 15 до 20 души, мислам поради објективност во смисла на проценката на класите на тутун, да не доаѓа до субјективност и други причини, задолжително да бидат во секоја комисија застапени и претставници од подрачните министерства за земјоделство.

Член 32, овој член за мене е најважен член, затоа што авансирањето кое што е дадено од 20 до 30 предлагам да биде до 40. Тоа го предлагам поради тоа што од паричното авансирање на тутунопроизводителите многу зависи количината на тутун која ќе се засади, а посебно, имајќи предвид дека претежно тутунарите се посиромаси и многу се случува, безземјаши се исто така, под кирија површини земаат со цел само да можат да засадат тутун за да можат да егзистираат.

Имајќи ја предвид моќноста на тутунските претпријатија кои што не се во состојба да авансираат, мислам во поголеми количини, посебно тука, би требало да се заложи Владата да обезбеди прифатливи кредити

со ниски камати, кои кредити прифатливи и со ниски камати како за производителите ќе бидат прифатливи, исто така и за преработувачите.

Јас мислам дека основната цел треба да ни е да ги оспособиме преработувачките капацитети тие да се обезбедат со капитал, откупот и исплатата на тутун, како и на други производи, како што е пченицата, шеќерната репа и сончогледот тие да ја вршат и откупот и исплатата. Се додека како откупувач се јавува државата со средства кои што многу тешко ги обезбедува, се дотогаш не ќе имаме доволно производство, а исто така и не ќе можеме навреме производството и да се откупи и да се отплати.

Во претходниот член што тогаш го викавме, мислам тие 60 дена што се дадени, секако дека ќе бидат многу малку, а ако нема пари и 120 дена пак нема да стигнат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Нацртот на закон за тутун.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија. Се разбира и оние што беа побарани уште во првата фаза на укажувањата.

3. Овој заклучок со извештаите на работните тела и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да

се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

65 пратеници гласа за.

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точка 10** - Барање за давање автентично толкување на член 4 од Законот за заштита од пушењето, поднесено од претставништвата во Скопје на Филип Морис и Ротманс Оф Пал Мал.

Извештајот на Законодавно - правната комисија, мислењата на Владата и Барањето за давање автентично толкување, ви се доста вени.

Отворам претрес, молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлагам Собранието да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието констатира дека Барањето за давање автентично толкување на член 4 од Законот за заштита од пушењето ("Службен весник на Република Македонија" број 36/95), поднесено од претставништвата во Скопје на Филип Морис и Ротманс Оф Пал Мал не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член, од причините содржани во извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија да се достави до претставништвата во Скопје ан Филип Морис и Ротманс Оф Пал Мал.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

65 пратеници гласа за.

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Минуваме на **точка 11** - Предлог на одлука за огласување и избор на судии на основните судови.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

70 пратеници гласа за.

Дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување и избор на судии на основните судови.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Објавувам пауза до 15,30 часот.